Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Стоматолошки факултет – Скопје

ПРОЕКТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

на III циклус докторски студии по стоматологија (повторна акредитација - реакредитација)

2017

ПРОЕКТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ - III ЦИКЛУС СТУДИИ ПО СТОМАТОЛОГИЈА (ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА-РЕАКРЕДИТАЦИЈА)

ВОВЕД

Стоматолошкиот факултет повеќе од 40 години организира и спроведува последипломски студии со кои се стекнува академски научен степен магистер (mr.sci.) и доктор на науки (dr. sci.) од сите области на стоматологијата. Студиските програми на студентите со завршен прв и втор циклус студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје овозможуваат усовршување на кадарот кој е во можност самостојно да извршува и води научни истражувања. Се до организирањето академски докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од повеќе подрачја меѓу кои биомедицинските науки и здравство, започнувајќи од учебната 2010/11, после завршување постдипломски магистерски студии кандидатите можеа да пријават докторска теза, да ја одбранат и да се здобијат со звање доктор на науки.

Од своето постоење Стоматолошкиот факултет повеќе децении наназад ја негува науката преку практични и теориски истражувања. За остварување на оваа цел факултетот покрај сопствената самостојност, има воспоставена тесна соработка со други истражувачки институции од нашата најблиска околина и пошироко каде докторантите се центар на образовниот и научно истражувачкиот процес.

Започнувајќи од доцните 70-ти години кога во областа на Стоматолошките науки се ставија во функција првите докторски студии до денес настанаа коренити прогресивни промени. Всушност, новиот концепт структурирани докторски студии по стоматологија на Стоматолошкиот факултет се воведоа во учебната 2010/11 година како замена на претходниот облик менторски студии кои успешно функционираа долги години, поточно од учебната 1976/77. Оттогаш овие студии се во постојан подем преку модернизација, усовршување и перманентен прогрес. Организацијата и реализацијата на докторските студии на Универзитетот се во согласност со правилата на Болоњскиот процес и европскиот кредит трансфер систем. Исто така тие се во сообразност со важечката законска регулатива – Законот за високо образование и Законот за научно-истражувачката дејност.

Овој елаборат произлегува од потребата за реакредитирање на студиската програма за трет циклус на студии – докторски студии согласно актите поврзани со оваа материја, Законот за високото образование (Сл. весник бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013,41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016), препораките од Болоњската декларација, актите на Универзитетот и Факултетот . Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет донесе одлука за измени и дополнување на постоечката студиска програма поради нејзина втора реакредитација. За прв пат на Стоматолошкиот факултет од учебната 2010/11 се организираа и реализираа докторски студии во согласност со правилата на Европскиот кредит трансфер систем. Елаборат за организирање трет циклус-докторски студии, беше прифатен од Стручниот совет при УКИМ, ректорската управа на Универзитетот, а подоцна и акредитиран од одборот за акредитација со решение бр. 12-40/6 од 4 март 2011 година.

Базирајќи се на досегашните искуства, поттикнати од реализација на докторските студии на институциите од нашето опкружување во време кога просперитетот може да се постигне само со изворни научни истражувања го уобличивме концептот за последипломските докторски студии на стоматолошки науки.

Во врска со ова неопходно е да ги посочиме целите и причините за основање последипломски докторски студии по Стоматологија. Од многубројните факти ги апострофираме следните:

- Одржување и напредување на научната дејност во областа на стоматологијата;
- Развој на критичкото мислење;
- Пренесување на знаењето на новите генерации;
- Усовршување на постоечките вештини, развивање на нови технологии кои се базираат на научните истражувања и научните спознавања, како и нивното вградување во секојдневната клиничка пракса;
- Освежување и унапредување на наставниот потенцијал на Факултетот, како и извор на нови кадри за други академски, научни и стручни установи;
- Оспособување кадар кој самостојно ќе води научно истражување;
- Унапредување на наставните програми и нивно услогласување со содржините од докторските студии во Европа и пошироко.

Желбата за се поголем напредок на професионален и научен план како и потребата да се доближиме до наставните содржини на европските школи за докторски студии се преточи во организација и реализација на последипломските докторски студии од подрачјето на стоматолошките науки. Во Македонија се чувствува потреба од кадар кој ќе биде насочен и научно оспособен за научно-истражувачка дејност во областа на стоматолошките науки. Всушност Стоматолошкиот факултет – Скопје е прва високообразовна институција во Република Македонија која почна на потесно научно ниво да подготвува кадар за истражување и креирање. Реформските и интегративните процеси во стоматологијата ја наметнуваат потребата од високо професионални и научни кадри кои ќе умеет да креираат и развиваат современи научноистражувачки модели.

Напредокот во сите области наметна потреба од промени на сите нивоа. Комуникациите кои ги остваруваме најнапред со нашите колеги-соседи и пошироко, размената на искуства на професионален и научен план отворија нови видици за реализација на новиот концепт структурирани студии. Докторските студии по стоматологија целосно се организирани од типот на отворен систем. Овој став е формулиран врз база на сознанието: науката не трпи бариери, бара слобода и креативност. Оттука мобилноста на студиите е императив во новиот концепциски приод.

После завршетокот на докторските студии докторите на науки можат самостојно да водат научни истражувања во и надвор од факултетите, институтите и научноистражувачките центри, со што го потврдуваме прогресот и отвореноста на овој облик едукација.

Оттука кадарот кој ќе се стекне со посебна научна компетентност, во рамките на трите студиски години за докторски студии, ќе биде подготвен за наставно-научна и истражувачка дејност. Цениме, дека со ова ќе се зголеми квалитетот на стоматолошките профили во Република Македонија.

Во минатото и денес потенцијалните кандидати за докторски науки најголем дел од научно истражувачката работа ја остваруваа на седумтте катедри на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во соработка со поедини единици од Медицинскиот факултет, Природно-математичкиот факултет, Технолошкиот факултет, во Скопје и други

наставни и научни институции. Во последно време се повеќе соработка се остварува со странски Унивезитетити од нашата непосредна околина од каде потекнуваат и добар дел од странските студенти.

Денес се соочуваме со се поголемата потреба за воспоставување партнерство со високите училишта и научни институти од нашата поблиска и подалечна околина - странство. Темелејќи се на досегашната долгогодишна успешна соработка во новиот план за реализација на докторските студии веќе е возможно учествуво на гости наставници од бившите југословенски простори (Србија, Хрватска, Словенија), од нашите балкански простори, од Европа и пошироко.

Плановите и програмите на последипломските студии во високите училишта во земјите на Европската унија, и покрај основните постулати, рефлектираат со голема разноликост. Оттука нашите планови за организација на докторските студии ги прилагодивме најмногу според нашите можности и капацитети, но и според наставните програми на Стоматолошкиот факултет со оние програми кои за нас во моментот се референтни. Со увид во програмите на последипломските докторски студии на поедини земји во Европа се потрудивме студиските програми да ги приближиме и прилагодиме нај- директно според програмите на Стоматолошкиот факултет во Загреб, а индиректно и со програмите на сродните високошколски институции од Gratz (Аустрија), Siene (Италија), Љубљана (Словенија), Прага (Република Чешка) и Варшава (Полска). Се разбира дека најголемата компатибилност ја постигнавме со програмите за III - степен на студии на регулираните професии.

1. Законска рамка

Елаборатот за докторски студии по стоматологија е заснован врз Законот за високото образование во Република Македонија (член 96, Сл. Весник на РМ,); врз Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје(член. 253,Сл. Весник на РМ, бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013,41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016), како и врз Законот за научноистражувачка дејност на Република Македонија(„Сл.весник на РМ”46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 53/2016).

Програмата за докторските студии на Стоматолошкиот факултет е усогласен со:

- Болоњската декларација по состанокот на министрите за образование на европските земји за основање единствен европски простор за високо образова- ние („The Europian Higher Education Area” одржан во Болоња на 19.06.1999);
- Министерскиот состанок во Берлин за создавање единствен истражувачки и образовен простор („The Europian Higher Education Area” – two process of knowledge based society” –состанок одржан во септември 2003);
- Загрепска декларација за хармонизирање на докторските студии на тлото на Европа („Europian PhD Programme in Biomedicine and Health Sciences „ семинар одржан на 24 и 25. 04.2004);
- Салзбуршки семинар за програмата на докторските студии за асоцијација на европското знаење („Doctoral Programmes for Europian Knowledige Society” семинар одржан во Салзбург, 3-5. 02.2205);

- Бергенско коминике за постигнување на целите за создавање европски об- разовен процес („Europian Higher Education Area – achieving the goals” com- munique of the conference of the Europien Ministers responsible for Higher Ed- ucation” одржан во Берген 19-20.05.2005) кога се усвоени десет принципи за создавање на програмата за докторски студии;
- Лисабонската декларација („Fouth EUA Convention of Higher Educational Institution” состанок одржан на 29-31.05.2005) кога се усавоени десет принципи за создавање на програмата за докторски студии;
- Лондонско коминике за создавање на заеднички образовен простор како одго- вор на предизвикот на глобализација на светот (“Towards the Europian Higher Educa- tional Area: Responding the Chalenges in a Globalised World” одржан на 18.05.2007);
- Бриселската конвенција за судбината на универзитетите по 2010 („Europe’s Uni- versities Beyond 2010: Diversity with Acommon purpose” – состанок одржан на 13.04.2007).

Проектот кој е приложен за реакредитација на докторските студии по стоматологија е во согласност со Законот за високото образование и со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник на УКИМ, бр. 245/13).

Предлог програмата на докторските студии има интердисциплинарен состав кој ги спојува бројните содржини занимливи за слушателите на докторските студии од повеќе области на стоматологијата и здравството.

Концепциската и содржајната сличност како и воведување на бодовни вредности (кредити) е битен предуслов кај нашите студенти спрема другите високи училишта во и надвор од земјата. На ваков начин остварлива е можноста за запишување на изборни предмети на другите високостручни институции надвор од рамките на Школата за докторски студии со кои преку следење на наставата на другите факултети би ги надградиле своите знаења од стоматологијата и други сродни подрачја на науката. Мобилноста која не беше карактеристика на досегашниот систем, а кој се воведува со новата структурна организираност на докторските студии позитивно ќе влијае врз професионалниот напредок, едукативниот просперитет, истражувачката дејност и развој на научната мисла.

Еднакво би била овозможена и отвореност за мобилност на странски студенти спрема нашите последипломски докторски студии. Така посетите на нашите студенти во високите училишта во Европа и светот би станале правило, а не исклучоци како до сега.

Базирајќи се на сите однапред посочени факти, овој проект не се однесува на нова студиска програма, туку станува збор за повторна акредитација т.е. втора реакредитација која заради усогласување со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус објавени во Службен весник на Република Македонија од 28 февруари 2011 година, бр. 25/2011 и 154/2011) се именува како измени и дополнувања на веќе постоечката програма по стоматологија. Студиите од третиот циклус по стоматологија што се предмет на овој Проект се веќе акредитирани (Решение од Одборот за акредитација на високото образовние на Република Македонија, бр. 12-40/6 од 4 март 2011 година и Решение за почеток со работа на трет циклус Универзитетски студии по стоматологија од Министерството за образование и наука бр. 13- 8770/4 од 01 август 2013 година. Овие студии функционираат од учебната 2010/11.

Во јули 2014 година направена е прва реакредитација на програмата кога за секој поединечно предвиден модул во рамки на докоторските студии беше донесено решение од Одборот за акредитација, реш. бр. 12-102/2 од 16.07.2014 година за детска и превентивна стоматологија, реш. бр. 12-102/3 од 16.07.2014 година за ортодонција, реш. бр. 12-102/4 од 16.07.2014 година за орална патологија и пародонтологија, реш. бр. 12-102/5 од 16.07.2014 година за дентална патологија, реш. бр. 12-102/6 од 16.07.2014 година за максилофацијална хирургија, реш. бр. 12-102/7 од 16.07.2014 година за орална хирургија, реш. бр. 12-102/8 од 16.07.2014 година за стоматолошка протетика. Студиската програма доби конечна дозвола да се применува со решение за почеток со работа бр. 13-13150/4 од 22.08.2014 година донесено од Министерството за образование и наука на Р.Македонија. Со овој проект (елаборат), Факултетот ја реакредитира студиската програма по втор пат.

ОПШТ ДЕЛ

1. Назив на предлагачот на студиската програма

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Стоматолошки факултет – Скопје

2. Назив на студиската програма

Докторски студии по стоматологија

3. Траење на студиите

Должината или времетраењето на докторските студии по стоматологија е три година или 6 семестри.

Водени од фактот дека титулата доктор на науки всушност значи оспособување на младиот научник за научноистражувачка работа, применувајќи ги новите законски регулативи уште во 2011 година се напушти досегашниот начин за стекнување звање доктор на науки и се пристапи кон реформа на концепцијата за докторски студии која постоеше до 2010/2011. Сега продолжуваме со новиот концепт на реализација на докторските студии.

Ваквата структурираност на последипломските докторски студии најнапред е наменета за почетниците во струката кои имаат желба за научно истражување, лекарите кои се вработени во установи во која се остварува научноистражувачка дејност, научен проект или научна работа во која студентот ја изработува дисертацијата, но и кандидати кои се занимаваат само со клиничка дејност, а имат афинитет и желба за научна дејност.

Студиската програма на докторски студии е организирана како тригодишен курикулум за добивање звање доктор на стоматолошки науки. Институциската стратегија на развој на докторските студии, во овој момент е насочена кон реализација на докторски студии кои се во функција на индивидуалните и националните потреби на Р. Македонија. Темелите во реализација на последипломските докторски студии на стоматолошки науки ги градат Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ и Стоматолошкиот факултет во Скопје кои се појавуваат како организаторски и едукативни центри.

По однос на докторските студии Стоматолошкиот факултет во Скопје ја дефинирал својата институциска стратегија. Тој претставува:

- Едукативна база за изведување на наставата на последипломските докторски студии;
- Институционален реализатор на наставата преку просторните и кадровски можности и капацитети;
- Соработник со други катедри, или институти на Универзитетот или други Универзитети на база на договори;
- Обединувач на научните полиња од биомедицинските науки во интерес на реализација на докторските студии;
- Контролор на квалитетот и оној кој се грижи за осигурување услови и изработка на дисертациите;
- Поттикнувач на интердисциплинарна соработка и влез во меѓународно научните истражувачки програми и проекти.

Во новата концепциска реализација на последипломските докторски студии новина која се поттикнува е иновативност. Неа ја чинат: инердисциплинарност, колаборативност и партнерство.

Интердисциплинарност подразбира соработка со други установи и институти на Универзитетот како би се осигурал холистички пристап на истражувања во областа на стоматологијата.

Колаборативност е недвојбено императив на денешното време, затоа што само со здружени капацитети институциите и наставниците на домашните и странските Универзитети како и со водичите на квалитетни научни проекти можат да постигнат значајни резултати во науката.

Партнерство за сега изведувањето на последипломски докторски студии во најголем дел е поврзано со Министерството за образование и наука, а перспективно би требало и со Министерството за здравство.

4. Услови за запишување на студиите

Условите и начинот за запишување на студиите е регулирано со Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, попрецизно со утврдените критериуми објавени во Конкурсот од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Називот на Конкурсот гласи: Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје. Конкурсот се објавува најмалку 5 месеци пред почетокот на учебната година. Во конкурсот се наведува:

- Студиската програма;
- Број на студенти;
- Услови и критериуми за упис;
- Износот на школарината и другите давачки;
- Други елементи од значење на конкурсот;
- Други елементи согласно Законот.

Условите за конкурсот се утврдени со член 13 од Правилникот на Универзитетот

„Св Кирил и Методиј“ Скопје бр.245, 2 мај 2013.

На последипломски докторски студии можат да се запишат студенти кои ги исполнуваат критериумите утврдени со член 14 и 15 од Правилникот на Универзитетот „Св Кирил и Методиј” Скопје бр.245, 2 мај 2013.

Право за запишување на докторски студии имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми и кои ги исполнуваат основните критериуми, попрецизно утврдени во член 14 од погоре цитираниот Правилник. Исто така, право на запишување на докторски студии на Стоматолошкиот факултет - Скопје имаат и:

- Лица кои завршиле според студиските програми до 2003/2004, и се стекнале со диплома: *доктор на стоматологија,* или со диплома *доктор по стоматологија,* а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација;
- Лица кои завршиле според студиските програми од 2003/2004 и се стекнале со диплома: *доктор по стоматологија*, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација;
- Лица кои завршиле според студиските програми од 2010/2011 и се стекнале со диплома: *доктор по дентална медицина*, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација.

5. Спецификација на генерички општи и специфични компетенции кои студентот ќе ги стекне со завршување на студиите и за кои работни места е оспособен

Општи компетенции - знаења и способности за самостојно обавување научно-истражувачка дејност во стоматологијата, најнапред во установите на високо образование и научно-истражувачките институти. Студиите понатаму овозможуваат продолжено усовршување во научно истражувачките проекти и истражувачки престои во странски училишта и институти што е природен след во научниот развој на докторите на стоматолошки науки.

Специфични компетенции со кои се стекнува студентот по завршување на студиите:

- совладување на најновите технологии во медицинските науки и здравството;
- имплементација и евалуација на најновите методи со цел унапредување на оралното здравје и развивање на превентивни и примена на рани куративни постапки;
- развивање на интердисциплинарен приод во лекувањето на заболувањата во орофацијалната регија;
- примена на научноистражувачката работа во апликативни цели;
- развивање и надоградување на научноистражувачката дејност во институции- те со што ќе придонесе во развојот на науката.

Работни места за кои се способни:

- научно истражувачка работа во јавна здравствена установа;
- учество во научни проекти за превенирање на оралните заболувања, неправилности и трауматски повреди на орофацијалниот систем, стоматолошка едукација на населението и мотивирање на секој поединец да се грижи за оралното здравје и создавање на здрави нови генерации;
- научно-истражувачка работа во фирми кои се занимаваат со производство, набавка, дистрибуција и продажба на стоматолошки материјали и опрема;
- научно-истражувачка работа во јавни установи (министерства, агенции) кои се занимаваат со промоција на оралното здравје;
- вклучување во меѓународни проекти кои се финансирани од научни и здравствени фондации во земјата и надвор од неа,
- градење академска кариера во јавните и приватни високообразовни установи во земјава и странство.

6. Академски назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиите

По завршување на студиите студентот се стекува со академски назив доктор на стоматолошки науки, област – (областа ќе биде наведена од избраниот модул).

КОМПОНЕНТА 1 – КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

Назив на високообразованата установа	Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Стоматолошки факултет - Скопје
Седиште	50 Водњанска бр.17, 1000 Скопје
Веб страница	www.stomfak.ukim.edu.mк
Вид на високообразовната установа (јавна итн.)	Јавна високообразовна установа
Податоци за последна акредитација	1. Студиски програми од прв циклус на УКИМ Стоматолошки факултет - Скопје за: • Доктори по дентална медицина (интегрирани шест годишни студии прв и втор циклус), решение од Одбор за акредитација бр. 12-44/3 од 12.05.2016 г. и решение за почеток со работа бр. 14-1033 од 16.08.2016 година. • стручни стоматолошка сестри – орални хигиенолози, (три годишни стручни досипломски студии), решение од Одбор за акредитација бр. 12-128 од 23.12.2014 година и решение за почеток со работа бр. 14-300 од 11.02.2015 година. • стручни забни техничари (три годинишни стручни додипломски студии), решение од Одбор за акредитација бр. 12-209/3 од 08.04.2015 година и решение за почеток со работа 14-974 од 15.05.2015 година. 2. Студиска програма од втор циклус на студии по стоматологија (втор циклус академки магистерски студии) акредитирана со решенија донесени од Одборот за акредитација за секој предвиден модул поединечно реш. Бр. 12-63/11 за дентална патологија, реш. Бр. 12-63/10 за превентивна стоматологија, реш. Бр. 12-63/9 за детска томатологија, реш. Бр. 12-63/8 за мскилофацијална хирургија, реш. Бр. 12-63/7 за орална хирургија, реш. Бр. 12-63/6 за орална патологија, реш. Бр. 12-63/5 за ортодонција, реш. Бр. 12-63/4 за пародонтологија и реш.бр. 12-63/3 за стоматолошка протетика сите од 27.06.2014 3. Студиска програма за трет цилус на студии – докторски студии по стоматологија акредитирана , реш. бр. 12-102/2 за детска и превентивна стоматологија, реш. бр. 12-102/3 за ортодонција, реш. бр. 12-102/4 за орална патологија и пародонтологија, реш. бр. 12-102/5 за дентална патологија, реш. бр. 12-102/6 за максилофацијална хирургија, реш. бр. 12-102/7 година за орална хирургија, реш. бр. 12-102/8 за стоматолошка протетика. Решение за почеток со работа13-13150/4 од 22.08.2014 година.
Студиски и научно-истражувачки подрачја за кои е добиена акредитацијата	Медицински науки и здравство
Единици во состав на високообразовната установа	**Основни внатрешни организациони единици** Катедра за болести на устата и пародонтот, Катедра за болести на забите и ендодонтот, Катедра за детска и перевентивна стоматологија, Катедра за максилофацијална хирургија, Катедра за ортодонција, Катедра за орална хирургија, Катедра за стоматолошка протетика **Други внатрешни организациони единици** Библиотека, Стручна административна служба **Постојани и привремени функционално работни единици** за континуирана едукација, за компјутерска проверка на знаењата, за координација и усогласување на наставната и апликативната дејност, за координирање на ЕКТС, за мултимедијална презентација. **Наставни бази** Јавна здравствена установа Универзитетски Стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ Скопје (претклиники и клиники) и Јавна здравствена установа Универзитетска килиника за максилофацијална хирургија – Скопје.

Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нова/и, студиска/и програма/и	1. Студиска програма за доктори по стоматологија, прв циклус академски студии, 2. Студиска програма за доктори по дентална медицина, прв циклус академски студии, 3. Студиска програма за стручни забни техничари, прв циклус стручни студии 4. Студиска програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози, прв циклус стручни студии, 5. Студиска програма за втор циклус студии, магистри по стоматологија, втор циклус академски студии, 6. Студиска програма за трет циклус студии – докторски студии по стоматологија, трет циклус студии.
Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите	Стоматолошкиот факултет интензивно работи на поттикнување на меѓународната соработка низ повеќе активности, прво преку склучување на договори за меѓусебна соработка во рамките на веќе потпишаните договори на Универзитетот, како и преку сопствени договори со други медицински и стоматолошки факултети од странство. Мобилноста на наставниците и студентите се остварува со Еразмус договори, преку проектот ERASMUSMUNDUS со кој што досега престојуваа повеќе студенти. Во најголем број случаи преку ERAWEB проектот, којшто претставува прв проект на мобилност од областа на биомедицинските науки и здравството. Преку овој проект кој е актуелен од 2011 и доби свое продолжување до 2017, се планира престој на повеќе наши студенти на еминентни универзитети. Исто така, голема меѓународна активност со поддршка на факултетот, покажуваат студентските организации преку организација на конгреси, летни школи, твининг проекти и различни типови на студентска и научно истражувачка размена. Факултетот ја развива и продлабочува меѓународната соработка преку склучените договори со повеќе единки од Европа и пошироко преку УКИМ. Договор за взаемна меѓуфакултетска соработка е склучен со Стоматолошкиот факултет во Загреб, каде досега е евидентна успешност во соработката.
Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност	Претклиничките и клиничките наставни активности се изведуваат во претклиниките и клиниките во ЈЗУ Стоматолошки клинички центар “Св. Пантелејмон” Скопје и Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, кои претставуваат наставни бази на Стоматолошкиот факултет. Меѓусебните права и обврски на Факултетот и Јавните здравствени установи се уредени со посебни спогодби кои во вид на Анекс се приложени во компонентата 15. Прилог на компонента 15 се: 1. Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност склучена со ЈЗУ УСКЦ ,,Св. Пантелејмон,, Скопје 2. АНЕКС 1 кон спогодбата – преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистра- жувачката и здравствената дејност и 3. Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност склучена со ЈЗУ Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија Скопје 4. АНЕКС 1 кон спогодбата – преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистра- жувачката и здравствената дејност.
Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност	Опремата предвидена за реализација на студиската програма, односно за изведување на наставната и истражувачката дејност на Факултетот е сместена во наставните бази наведени во компонента 14. Опремата просторно се наоѓа во претклиничките и клиничките сали, заботехничките лабаратории, биохемиската лабараторија, во предавалните и амфитеатрите, комјутерскиот центар, во едукативен центар и.т.н.
Број на студенти за кои е добиена акредитација	800 студенти

Број на студенти (прв пат запишани во 2013/14 г.)	На прв циклус запишани се 137 студенти На втор циклус запишани се 15 студенти На трет циклус запишани се 6 студенти Вкупно во учебната 2016/17 на Стоматолошкиот факултет запишани се 158 студенти
Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања	Редовни професори 13 Вонредни 17 Доценти 8 Научни соработници 24 Вкупно наставен кадар на Стоматолошкиот факултет го сочинуваат 62 наставника
Број на лица во соработнички звања	21 асистенти
Однос наставник: студенти (број на студенти на 1 наставник) за секоја единица одделно	0,76 студенти на еден наставник за трет циклус 12,8 студенти на еден наставник за втор циклус 1,26 студенти на еден наставник за трет циклус
Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите	На Стоматолошкиот факултет има Наставен одбор составен од 11 избрани универзитетски наставници од сите катедри при Стоматолошкиот факултет. На седниците присуствуваат и претставници на студентите од сите студиски години. Наставниот одбор има одговорност да се грижи за квалитетот и начинот на изведување на постоечките програми, да предлага нивни измени или да предлага нови програми и д аправи анализа на проодноста. Квалитетот на програмата се мониторира преку: 1. Самоевалуација од страна на Комисии за евалуација составена од универзитетски наставници и студенти 2. По завршување на наставната програма по секо јпредмет се спроведува анонимна студентска евалуација (анкета) за наставните програми и наставниците. 3. Надворешна евалуација
Фреквенција на самоевалуациониот процес (секоја година, на две години, на три години)	На три години
Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата	Последната надворешна еваулација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е спроведена во месец април – мај 2016 година, за период од последните три учебни години. Во извештајот за надворешната еваулација дадена е исклучително позитивна оцена за работење на установата за наведениот период, наведените слабости но и можностите кои ги има за развој во согласност со расположливите капацитет.

КОМПОНЕНТА 1а - ОПШТИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИ согласно со Уредбата за национална рамка на високообразовните квалификации

Докторските студии по стоматологија, се реализираат во текот на тригодишен курикулум (6 семестри) со вкупен број на 180 кредити. Наставата по сите предметни програми се изведува преку теоретска, практична настава и клиничка пракса.

По завршување на третиот циклус студии и одбраната на докторскиот труд кандидатите се стекнуваат со академската титула доктор на стоматолошки науки, област – (областа ќе биде навдена од избраниот модул).

Нивото на високообразовните квалификации во националната рамка кое го достигнува студентот по завршувањето на овие студии е VIII и целосно исполнување на дескрипторите за квалификации.

Студиската програма дава можност за понатамошна континуирана едукација во различни субспецијалистички области на одредени гранки од стоматологијата и можност за напредна научноистражувачка работа.

На лицата кои ги исполнуваат следните критериуми се доделуваат 180 кредити.

Вид на општ дескриптор	Дескриптор на квалификација
Знаење и разбирање	Покажува систематско разбирање на полето на истражување на стоматолошките науки и распознавање на методи и вештини за истражување во рамките на стоматологијата согласно највисоките меѓународни стандарди.
Примена на знаењето и рабирањето	Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со практична имплементација од научен интегритет. Преку оригинални истражувања кои постојано напредуваат ги надминуваат постојните граници на знаења. Со пермаентната надоградба, доаѓаат до нови сознанија, кои може да бидат вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации. Сета оваа надоградба и прогресија од научен аспект ќе имаат можност да ја применат во клиничката пракса.
Способност за проценка	Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка. Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи во областа на стоматолошките науки и настани со научен интегритет. Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти на полето на базичната и клиничката медицина, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле.
Комуникациски вештини	Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на стоматологијата.
Вештини на учење	Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, социјалниот или културниот развој во општество базирано на знаење.

КОМПОНЕНТА 1б - СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИЈАТА со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечна студиска програма согласно со Уредбата за националната рамка на високо-образовните квалификации

Постдипломски студии – трет циклус на студии

Времетраење – 3 години (6 семестри), 180 ЕКТС – кредити

Поле: медицински науки и здравство.

Подрачје: стоматологија.

Област: стоматолошка протетика, орална хирургија, максилофацијална хирургија, орална патологија и пародонтологија, детска и превентивна стоматологија ортодонција и дентална патологија.

Студиската програма по стоматологија за докторандите опфаќа временски период од 3 години (6 семестри) и содржи три предмети за стекнување генерички знаења (12 ЕКТС), од обуката за истражување како и четири предмети од обуката за едукација од кои задолжителните предмети бројат 10 ЕКТС, а изборните по 5 ЕКТС, што значи вкупно 30 од обуката за едукација. Програмата во себе вклучува докторски семинари, годишни конференции и работилници од истражувачката практика што изнесува 18 ЕКТС. Пријавата, изработката и одбраната на докторската дисертација изнесува 120 ЕКТС. Секој семестар носи 30 ЕКТС, односно студентот се здобива со 180 ЕКТС по завршувањето на докторските студии и одбраната на докторската теза.

Научната титула по завршувањето на студиите и одбраната на докторската дисертација, е доктор на стоматолошки науки, со назнака и на областа на истражување: доктор на стоматолошки науки – стоматолошка протетика; доктор на стоматолошки науки – орална хирургија; доктор на стоматолошки науки - максилофацијална хирургија; доктор на стоматолошки науки – орална патологија и пародонтологија; доктор на стоматолошки науки - детска и превентивна стоматологија; доктор на стоматолошки науки - дентална патологија и реставративна стоматологија и доктор на стоматолошки науки - ортодонција.

Нивото на високообразовните квалификации во националната рамка кое го достигнува студентот по завршувањето на третиот циклус студии – докторски студии, е VIII.

Вид на дескриптор	Дескриптор на квалификација
Знаење и разбирање	• Студентите по завршување на студиите од третиот циклус треба да покажат високо ниво на систематизирано знаење и разбирање, генерално во поширокото подрачје на научно истражување во биомедицинските науки и здравство, како и поконкретно од потесната област на истражување; • Исто така, треба да бидат квалификувани да имаат совладано вештини и методи во полето на истражување и потесната област со кои ќе бидат оспособени за независно и автономно истражување во согласност со принципите базирани на докази. Посебно внимание треба да се обрне кон интегрирање на теоретските знења со клиничката пракса; • Студентите треба да обезбедат пошироко знаење на научните теории, методологии и алатки кои ја сочинуваат основата за истражување во сите области на стоматолошките науки, развијќи способности кај студентот за индивидуално разбирање и справување со зададените проблеми и теми;

Примена на знаењето и рабирањето	• Со помош на стекнатото знаење и совладаните вештини да може да примени оригинално истражување во соодветната потесна област, кое ќе овозможи стекнување на нови знаења кои безусловно ќе треба да бидат вреднувани не само во национални, туку и интернационални публикации од страна на независни стручњаци во научното поле; • Демонстрира способност за критичко, независно и креативно решавање на одредени задачи од областа на стоматологијата. Со индивидуална оригиналност и научен пристап да придонесе во развојот на стоматологијата од клинички и научен аспект.
Способност за проценка	• Да покажува способност за критичка анализа на презентирани научни откритија од други автори. • Навремено да препознае област во науката каде се потребни дополнителни истражувања и да процени дека со своите оригинални истражувања може да даде значителен придонес во тој правец; • Да покаже способност за иницирање на истражувачки проекти за нови откритија кои ќе генерираат нови знаења и вештини во полето на стоматологијата и својата потесна област; • Поседува способност да спроведе процена на потребите за одредено унапредување и вложување во одредена област на истражување во стоматологијата.
Комуникациски вештини	• Поседува способност за дискусија околу своето и истражувањата на други истражувачи на национално ниво, со своите ментори, но и со истражувачи надвор од земјата; • Учествува во национални и интернационални истражувачки мрежи и настани, независно и со научен интегритет; • Резултатите од своите откритија умее вешто и систематизирано да ги презентира пред поширокатa академска заедница во земјата и во странство; • Поседува способности за водење на истражувачки тим; • Поседува способност за комуникација со колегите од матичната и нематичните установи, како и со општата јавност; • Умее да ја даде потребната информација на лицата na кои им е потребно да направат правилен избор; • Поседува способност да воспостави и одржи доверба со луѓето преку активно слушање и почитување на нивните ставови, почитување на приватноста и дигнитетот на индивидуите и третирање на информациите за луѓето како доверливи.
Вештини на учење	• Покажува интерес за континуирана едукација и професионален развој на личен план во научното истражување во својата област; • Покажува способност да организира новитети и напредни активности во процесот на учењето, но и критички да ги анализира методите на учење во однос на нивниот ефект врз знаењето, вештините и праксата; • Поседува способност и за документирање на активностите за учење; • Се промовира себеси во академски и професионални рамки во технолошкиот развој на општеството; • Покажува континуирано почитување на професионалните етички кодекси на однесување, вклучително и финансиската чесност и професионална доверливост.

Специфични дескриптори | **МОДУЛ А** | **СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА**

Вид на дескриптор	Дескриптор на квалификација
Знаење и разбирање	• Студентите по завршување на студиите од третиот циклус треба да покажат високо ниво на систематизирано знаење и разбирање од областа на стоматолошката протетика, со посебен осврт кон патологијата од фиксен и мобилен аспект. Особено внимание ќе биде обрнато кон апликација на теоретските знаења во практична смисла. • Студентите ќе бидат запознаени со најновите трендови, сознанија и протоколи од областа на стоматолошката протетика, како и дилемите со кои ќе бидат соочени при нејзиното спроведување, што ќе им овозможи самостојно да се справуваат со проблемите во научно-истражувачката работа и клиничката пракса. • Дополнително, ќе бидат обучени да ги спроведат најновите технологии и методи со цел да се овозможи подобрување на состојбата со оралното здравје кај популацијата Се очекува тие да го надоградат своето знаење од оваа област што би значело систематизирано и сеопфатно напредување во следните сегменти: надоместување на целосно и делумно изгубени заби, сочувување на забните ткива, интегритетот на меките ткива и трајноста на конструкциите. Тие треба да ги совладаат најсовремените техника со кои се надоместуваат оштетените или загубените заби.
Примена на знаењето и рабирањето	• Студентот ќе биде оспособен да осмислува предавања и едукативни курсеви за целни групи во склоп на поединечни проекти, со крајна цел унапредување на оралното здравје. • Знаењата кои ќе ги понесат по завршувањето на овој студиум студентите ќе може да ги искористат и понатаму за оформување нови идеи за научно истражување што би опфатило учество во проекти и организирање работилници. Знаењето ќе биде искористно во пишување трудови кои би се стремеле да ги отпечатат во реномирани списанија во и надвор од земјата. Преку акумулираните сознанија тие ќе можат да земат учество на европски, светски конгреси, семинари и симпозиуми каде би биле референтни со својата фела. • На крајот сите овие знаења ќе бидат насочени кон подобрување на степенот на оралното здравје, но и на овој начин профилот од оваа студиска програма ќе биде оспособен за примена на најсовремената техника и технологија во областа на стоматолошката протетика.
Способност за проценка	• Студентот би бил во состојба да ги спореди своите резултатите со резултатите на другите истражувачи во оваа област. Исто така ќе може да препознае и разграничи кои од новите методи и технологии кои се промовираат во стоматолошката протетика би можеле да се применат во секојдневни клинички услови. • Треба да биде во состојба да осмисли индивидуални и оригинални истражувачки проекти кои би се однесувале на клучни проблематики од областа на фиксната и мобилната протетика. Треба да се стремат кон напредок во технологијата при изработка на протетските помагала со популарни европски и светски поткрепени материјали со што би се доближиле до најновите стандарди во стоматолошката протетика.

Комуникациски вештини	• Студентот ќе се стекне со способности за комуникација со колегите од соодветната област со кои ќе биде во состојба да ги размени своите искуства, да се спореди и по потреба да ги надогради своите знаења. • Студентот ќе се здобие со вештини за образложување на резултатите од применетите протетски мерки, како и дискусија за новите методи и технологии кои се опишани во литературата, како и нивните предности и недостатоци. • Способностите за дискусијата на овие резултати би треба да се изведуваат како во земјата, така и на интернационално ниво, каде би се направила споредба со постигнатите ефекти кај други истражувачи. • Вештините би вклучиле и комуникација како со колегите во земјата, но и во странство, за размена на искуства и подобрување на состојбата со оралното здравје. • Сето тоа би водело кон учество како на конгреси, симпозиуми и работилници на кои студентот самостојно би ги презентирал сопствените резултати и би дал критички осврт на сознанијата публицирани во други научни статии од областа на превентивната стоматологија. • Во тој контекст, би требало да се стекне со знаење организациони можности, замисли и способности за водење на истражувачкиот тим. • Треба да поседува способност да ги образложи предностите, негативностите и своите ставови за одредена проблематика за која ќе се залага пред колегите и пациентите.
Вештини на учење	• Студентот после завршувањето треба да напредне во своите клинички протетски вештини од аспект што теоретското знаење ќе го имплементира во праксата. • Тој треба да покаже интерес за спроведување на научно-истражувачки проекти од областа на превентивната стоматологија, преку осмислување на студии кои би имале импакт врз состојбата на оралното здравје кај популацијата. • Потребно е да покаже способност за организирање на различни типови на едукација кои би довеле до подобрување на оралното здравје кај поединечни групи од популацијата, но и да покаже способност за прецизна, непристрасна и стручна анализа на состојбите, кои би биле преточени во научно-истражувачки трудови • Исто така стекнатото клиничко знаење ќе може да го преточи во идеи за истражувачки постапки.

Специфични дескриптори	МОДУЛ Б	ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА

Вид на дескриптор	Дескриптор на квалификација
Знаење и разбирање	• Студентите по завршување на студиите од третиот циклус од областа на детска и превентивната стоматологија треба да покажат високо ниво на систематизирано знаење и разбирање на сите активности кои овозможуваат превенција како на плак-асоцираните заболувања, така и на ортодонтските аномалии и малигните заболувања во оралната празнина. • Знаењата кои ќе произлезат од овие студии би вклучувало сознанија за растот и развојот на орофацијалната регија, аномалиите кои се јавуваат кај овие пациенти, патолошките промени и нивниот третман (пред сè кариесот) како на млечните, така и на трајните заби, траумите, специфичнистите на орално-хируршките интервенции кај детската популација, но и останатите стоматолошки процедури карактеристични за оваа популација. • Тие треба да бидат во состојба да спроведат клинички и лабораториски студии кои би воделе кон унапредување на состојбата на оралното здравје кај децата, подобрување на методите на третман и усовршување на постоечките методи и материјали со кои се третираат патолошките состојби кај оваа популација. • Истовремено, ќе бидат квалификувани и ќе имаат совладано вештини и методи за спроведување на превентивните и интерцептивните мерки. • Особено внимание ќе биде обрнато кон апликација на теоретските знаења во практична смисла. • Студентите ќе бидат запознаени со најновите трендови, сознанија и протоколи од областа на детската и превентивната стоматологија, како и дилемите со кои ќе бидат соочени при нејзиното спроведување, што ќе им овозможи самостојно да се справуваат со проблемите во научно-истражувачката работа и клиничката пракса.
Примена на знаењето и рабирањето	• Стекнатите знаења и клинички вештини ќе му овозможат на студентот да ги примени како во секојдневната пракса, преку спроведување на здравствено-воспитни мерки, здравствена пропаганда и едукација на поединечните возрасни групи за спроведување на стоматолошките превентивни мерки; но, дополнително, ќе му овозможи да изврши систематизација на податоците и изведување на истражувања кои би можеле да бидат публицирани во домашни и меѓународни списанија, со што ќе се промовираат ефектите од спроведувањето на превентивните мерки на одредено подрачје и генерално, во нашата земја. • Активно ќе се вклучат во проекти, кои студентот самостојно би ги дизајнирал, а би резултирале со трудови кои би можеле да бидат публицирани во реномирани списанија од областа на детската стоматологија, но и пошироко. • Понатаму, спроведените испитувања би можеле да бидат презентирани на домашни и меѓународни стручни собири (конгреси ,симпозиуми итн.), каде би можеле да дадат позитивен импулс за подобрување на состојбата на оралното здравје кај детската популација.
Способност за проценка	• Студентот ќе биде во можност да процени дали спроведените превентивни мерки се во согласност со современите протоколи за превентива на оралните заболувања и најновите публикации од соодветната област. • Дополнително, ќе може да препознае публикациии кои известуваат за унапредување на состојбата во областа на детската и превентивната стоматологија. Студентот ќе биде во состојба да иницира проекти кои ќе доведат до подобрување на свесноста за неопходноста од превентивата на оралните заболувања (преку подобрувања на хигиено-диететскиот режим кај популацијата, употребата на флуориди, залевања на фисурите и јамичките итн.)

Комуникациски вештини	• Вештините би вклучиле и комуникација како со колегите во земјата, но и во странство, за размена на искуства и подобрување на состојбата со оралното здравје. • Сето тоа би водело кон учество како на конгреси, симпозиуми и работилници на кои студентот самостојно би ги презентирал сопствените резултати и би дал критички осврт на сознанијата публицирани во други научни статии од областа на превентивната стоматологија. • Треба да биде во состојба да осмисли индивидуални и оригинални истражувачки проекти или студии кои би воделе кон подобрување на протоколите за дијагноза и третман на поединечни патолошки состојби кај детската популација. • Истовремено, треба да може да изврши евалуација на потребата за промена и унапредување на поединечни тераписки и дијагностички методи кои се применуваат во моментот, и дали тие се во согласност современите протоколи кои се спроведуваат во другите земји.
Вештини на учење	• Потребно е да покаже способност за организирање на различни типови на едукација кои би довеле до подобрување на оралното здравје кај поединечни групи од популацијата, но и да покаже способност за прецизна, непристрасна и стручна анализа на состојбите, кои би биле преточени во научно-истражувачки трудови. • Студентот треба да покаже клинички вештини кои би ги применувал во секојдневниот третман на пациентите, но и способност истите да ги преточи во научно-истражувачки студии. Особено е важно да се стекне со интерес за постојано следење на новитетите во областа на детската стоматологија, како од дијагностички, така и од тераписки аспект, но и да придонесува кон подобрување на методологијата на работа со децата.

Специфични дескриптори | МОДУЛ В | ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА

Вид на дескриптор	Дескриптор на квалификација
Знаење и разбирање	• После студиите од трет циклус во потпрограмата за дентална патологија треба да покажат солидни знаења од областа на кариоло-гијата и ендодонцијата. Од студентите се очекува едноставно и прецизно да ги дијагностицираат заболувањата на пулпата и тврдите забни ткива индикациите и контраиндикациите во спроведувањето на тераписките процедури како и примената на современите материјали и техники. • Од особена важност е стекнување на способноста здобиените знаења да бидат преточени во клинички вештини. • Понатаму, студентите ќе бидат оспособени да извршат истражувања од оваа област, и ќе се оспособат да бидат во состојба да ги следат најновите достигнувања во методите и технологиите за третман во денталната патологија, особено имајќи го во предвид индивидуалниот пристап кон секој пациент, што е особено важно при работата со деца. • Треба да се стекнат со знаења кои ќе им овозможат да осмислат истражувачки проекти од оваа област, но и да вршат примена на сознанијата, методите и технологиите во секојдневната пракса. • Посебно внимание треба да се обрне кон развивање и осовременување на клиничкиот сегмент, диференцијално дијагностичките методи, кој подоцна би биле солидна подлога за црпење идеи за научноистражувачка работа.

Примена на знаењето и рабирањето	• Здобиеното знаење ќе може да се имплементира во индивидуални студии, проекти, кои студентот самостојно би ги дизајнирал, а би резултирале со трудови кои би можеле да бидат публицирани во реномирани списанија од областа на детската стоматологија, но и пошироко. • Понатаму, спроведените испитувања би можеле да бидат презентирани на домашни и меѓународни стручни собири (конгреси ,симпозиуми итн.), каде би можеле да дадат позитивен импулс за подобрување на состојбата на оралното здравје кај детската популација. • Ефектите, секако, би се рефлектирале и со подобрување на клиничките вештини кај студентот, што би довело до поефикасно спроведување на стоматолошката здравствена заштита кај оваа исклучително сензитивна популациона група.
Способност за проценка	• Студентот би бил во состојба да ги спореди своите со резултатите од другите истражувачи во оваа област, но и да е способен да препознае кои од новите методи и технологии кои се промовираат во оваа област на стоматологијата би можеле да се применат во секојдневни клинички услови. • Овој студиум ќе им овозможи на идните кадри прецизно, со голема точност да прават проценки во клиничкиот сегмент. Истотака овие профили благодарение на теоретската подготвеност ќе се оспособат да ја проценуваат идеата за научноистражувачката работа, да ги компарираат своите наоди со резултатите на своите колеги. Конструктивно и критички да настапат на семинарите и симпозиумите и на крај да пишуваат трудови со оргинални научностручни резултати кои ќе ги пласираат во високо релеватни списанија базирајќи се на способноста за проценка.
Комуникациски вештини	• Идните доктори на науки се очекува да се здобијат со солидни комуникациски вештини во стручниот и научноистражувачкиот сегмент од областа на денталната патологија. Развивајќи ја клиничката вештина се поставуваат индирекно темелите на научноистражувачката работа. Од нив се очекува да поседуваат способност за студиозно прегледување на достапната литература, опсежно анализирање на истражувањата на други истражувачи и споделување на своите сознанија со колегите од потесната област на истражување, со критички осврт кон избраната проблематика.
Вештини на учење	• Со помош на оваа студиска програма и стекнатите вештини за учење,докторите по стоматолошки науки од областа на денталната патологија ќе бидат оспособени интерактивно да се вклучат во обработка на одредена проблематика. Взаемноста на овој облик на учење како посебна вештина му овозможува на секој кандидат да ја покаже својата креативност и да изгради свој сопствен став кон дадената проблематика која е предмет на научноистражувачката работа.

Специфични дескриптори | МОДУЛ Г | ОРТОДОНЦИЈА

Вид на дескриптор	Дескриптор на квалификација
Знаење и разбирање	• Студентите по завршување на студиите од трет циклус во модулот ортодонција треба да покажат високо ниво на систематизирано знаење и разбирање во дијагностицирање на дентофацијалните малформации. Преку знаењето кое ќе го акумулираат ќе бидат квалификувани да ги препознаат дентофацијалните малформации. На овој профил знаењето ќе им потпомогне да ги совладаат вештините и методите во ортодонтската казуистика и се очекува да успеат да ги интегрираат теоретските знења со клиничката пракса. Од овој аспект студентите обезбедуваат пошироко знаење, врз база на што темелно се осврнуваат кон научните теории, методологии и алатки кои ја сочинуваат основата за истражување во сите области на стоматолошките науки, Истотака се очекува кадрите од третиот циклус да ги развиваат способностите за индивидуално разбирање и разрешување на зададените проблеми и теми. Поточно преку знаењата кои ќе ги апсорбираат од ортодонски аспект, ќе можат со точност да одредат во која насока, настанало нарушување во растот и развојот во орофацијалната регија.
Примена на знаењето и рабирањето	• Со помош на стекнатото знаење и совладаните вештини може да спроведе оригинално истражување во соодветната потесна област, кое ќе овозможи стекнување на нови знаења и насочување кон правилен третман на посточката ортодонска молоклузија. Всушнот, благодарение на знаењата ќе се оформат насоки за изборот на методот, ќе се воспостават критериуми од дијагностички и тераписки аспект. Врз база на постигнатите знањеа ќе би биде оспособен да воспостави интердисциплинарна соработка со останатите области. Исто така ќе може постигнатите знаења да ги аплицира во научно истражувачки постапки.
Способност за проценка	• Докторантите ќе имаат можност да покажат високо ниво на проценка кое ќе го изразат преку способност за студиозно анализирање на литературата од други автори чија проблематика е компатибилна со областа која ја обработува. Преку способноста за проценка ќе има можност да иницира идеи за аплицирање нови методи со цел да даде сопствен придонес во испитуваната проблематика.
Комуникациски вештини	• Профилираниот кадар ќе поседува способност за студиозно прегледување на достапната литература, опсежно анализирање на истражувањата на други истражувачи и споделува своите сознанија со колегите од потесната област на истражување, со критички осврт кон избраната проблематика. Учествува во национални и интернационални истражувачки мрежи и настани, независно и со научен интегритет. • Резултатите од своите откритија умее вешто и систематизирано да ги презентира пред поширокатa академска заедница во земјата и во странство. Умее да ја даде потребната информација на лицата на кои им е потребно да направат правилен избор.
Вештини на учење	• Вештините на учење би требало да бидат насочени и во контекст на подобрување на современите методи кои се применливи во ортодонтската терапија. Студентот треба да се стекне со способност самостојно да ги документира резултатите од спроведените испитувања и да поседува вештина на интердисциплинарен приод во учењето. • Дополнително, студентот треба да покаже вештина за професионално и етичко спроведување на превентивните мерки, како и почитување на принципот на доверливост кон субјектите.

Специфични дескриптори	МОДУЛ Д	ОРАЛНА ХИРУРГИЈА

Вид на дескриптор	Дескриптор на квалификација
Знаење и разбирање	• Студентите по завршување на студиите од трет циклус во потпрограмата за орална хирургија треба да покажат солидни и систематизирани знаења кои на свој начин претставуваат професионален и научен напредок над додипломските и последипломските магистерски студии. Знаењата кои ќе произлезат од овој студиум треба прецизно да се искористат во дијагностицирање на болестите во ороофацијалната регија. • Знаењата и разбирањето ќе биде насочено кон развивање и осовременување на клиничкиот сегмент, од каде ќе произлезе црпење нови идеи и за научноистражувачка работа. • Преку оваа студиска програма би требало да се развиваат способности кај студентот за индивидуално разбирање и справување со зададените проблеми и теми од областа на оралната хирургија. Поточно преку знаењата кои ќе ги апсорбираат ќе можат со точност да ги одредат патеките по кои би се движеле од клинички и научен аспект.
Примена на знаењето и рабирањето	• Стекнатото знаење и разбирање ќе биде искористено како можност за иницијација и развивање на нови идеи во научноистражувачката работа и професионалноста. Надоградувајќи се со нови знаења профилот ќе може да учествува во креирање на нови можности во современи процедури кои треба да бидат превземани во решавање на орално хируршката проблематика. Врз основа на понесените знаења и разбирања на секој поединец ќе му се отворат нови можности за едноставни, прогресивни и прецизни концепции за правилен дијагостичко-тераписки приод. Сопствената креативност , индивидуалност и оргиналност дефинитивно ќе произлезат од континуираната едукација на последипломските студии.
Способност за проценка	• Од идните кадри после завршување на овие студии се очекува да го развијат чувството на проценка. Имено, ќе успеат да ги проценуваат научните и стручните квалификации и активности на се што припаѓа во областа на оралната хирургија. Најнапред се мисли на критички и реален став кон литературата која е од нивни интерес, и на достигнувањата во нашата поблиска и подалечна околина. Прецизно, со голема точност ќе можат да ги проценуваат стручните нивоа на напредок, зацртувајќи ставови кои треба да ги исполнат за прогрес во оваа област. Теоретската подготвеност ќе ги оспособи да ги проценат вистинските чекори кои треба да бидат превземени за партнерско учество во меѓународни проекти, оргазинирање работилници, учество на семинари и симпозиуми и на крај пишување трудови со оргинални научностручни резултати кои ќе ги пласираат во високо релеватни списанија.
Комуникациски вештини	• Комуникациските вештини со кои ќе се здобијат овие кадри пред се ќе бидат солидни, високо систематизирани и прецизни, а ќе се однесуваат на стручниот и научноистражувачкиот сегмент од областа на орална хирургија. Благодарение на развиените комуникациски вештини тие ќе бидат во можност успешно да ги презентираат своите резултати на јавни настани, конгреси, семинари, симпозиуми и да учествуваат во дискусии и дебати со своите колеги. Истотака ќе можат да организираат трибини, дебати, да учествуваат во едукација на нов кадар, но и да бидат раководители или главни истражувачи во научноистражувачки проекти. Од нив се очекува да поседуваат способност за студиозно прегледување на достапната литература, опсежно анализирање на истражувањата на други истражувачи и споделување на своите сознанија со колегите од потесната област на истражување.
Вештини на учење	• Со помош на оваа студиска програма и стекнатите вештини за учење, магистрите по стоматологија од областа на орална хирургија ќе бидат оспособени интерактивно да се вклучат во обработка на одредена проблематика. Взаемноста на овој облик на учење како посебна вештина му овозможува на секој кандидат да ја покаже својата креативност и да изгради свој сопствен став кон дадената проблематика која е предмет на научноистражувачката работа.

Специфични дескриптори	МОДУЛ Ѓ	МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА

Вид на дескриптор	Дескриптор на квалификација
Знаење и разбирање	• Студентите по завршување на студиите од третиот циклус треба да покажат систематизирано, високо професионално и напреднато знаење и разбирање од областа на максилофацијална хирургија, со посебен осврт кон целокупната патологијата во лицевата регија. Се очекува тие да постигнат напреднато знаење од оваа област што би значело прогресивни и врвни напредување во следните сегменти: темпоромандибуларните нарушувања, плунковната патологија и малигномите. После овој студиум тие треба да ги совладаат најсовремените хируршки техники повикувајќи се на европските и светските стандарди. Нивото на знаења во сите сегменти на максилофацијалната хирургија кај овој профилиран кадар треба да биде високопрофесионален од специјалистички и субспецијалистички аспект. Посебен акцент треба да се даде на примената на современите материјали и методи во лекување на вродените аномалии-cheilognatopalatoschis-и како и изработка на помагала. Научноистражувачките афинитети и достигнувања во областа на максилофацијалната хирургија во најголем дел треба да се потпираат на профилите од оваа студиска програма. Се очекува достигнувањата од научен карактер да ги применат во секојдневната клиничка пракса. На тој начин знаењата и разбирањето со кои се стекнале за време на студирањето ќе бидат апликативно искористени.
Примена на знаењето и рабирањето	• Знаењата кои ќе ги понесат по завршувањето на овој студиум студентите ќе може да ги искористат и понатаму за оформување нови идеи за научно истражување изработка на докторски дисертации, проекти и организирање работилници. Знаењето ќе биде искористено во пишување трудови кои би се стремеле да ги отпечатат во реномирани списанија во и надвор од земјата. Преку акумулираните сознанија тие ќе можат да земат учество на европски, светски конгреси, семинари и симпозиуми каде би биле референтни со својата фела.
Способност за проценка	• Благодарение на знаењата и вештините докторантите ќе можат да ги развијат своите способности за проценка. Имено, докторантите ќе бидат во состојба да ги споредат своите резултати со резултатите на другите истражувачи во оваа област, но и да го проценат статусот на одредени референтни институции, од каде се очекува да се развие стремеж кон напредни идеи кои би биле имплементирани во домашни услови. Исто така ќе може да препознае и разграничи кои од новите методи и технологии кои се промовираат во областа од интерес би можеле да се применат во секојдневни клинички услови. • Треба да биде во можност да осмисли индивидуални и оригинални истражувачки проекти во кои би дал сопствена партиципација од научен и стручен аспект.
Комуникациски вештини	• Комуникациските вештини кои ќе ги развие студентот на третиот циклус студии, најнапред ќе се базира на способности за комуникација со колегите, размена на искуства,од каде ќе произлезат компарации и потреба за понатамошна надоградба на своите знаења движејќи се кон супспецијалистичка насока. Преку овој студиум,докторантот ќе успее да ги презентира своите сознанија и размислувања пред своите колеги, но и пред поширок аудиториум во земјата и странство. • Студентот би се стекнал со способност да ги презентира своите ставови во својот истражувачки тим и да ги претстави предностите со кои се разликуваат неговите идеи во споредба со претходните истражувања, но и веќе воспоставените методи и технологии. Во тој контекст, би требало да се стекне со знаење, организациони можности, замисли и способности за водење на истражувачкиот тим. • Треба да поседува способност да ги образложи предностите, негативностите и своите ставови за одредена проблематика за која ќе се залага пред колегите и пациентите. Во исто време, треба да знае да ја зачува професионалната тајна, со што ќе стекне доверба како кај пациентите, така и кај колегите со кои соработува.
Вештини на учење	• После завршување на студиите треба да напредне во своите клинички вештини од аспект што теоретското знаење ќе го имплементира во праксата. Исто така стекнатото клиничко знаење ќе може да го преточи во идеи за истражувачки постапки од каде ќе произлезат студии, проекти и други облици на научно истражување наменети за реномирани списанија. Ова би значело двонасочност во кои централно место зафаќаат клиниката и научно истражувачката работа.

Специфични дескриптори	МОДУЛ Е	ОРАЛНА ПАТОЛОГИЈА И ПАРАДОНТОЛОГИЈА

Вид на дескриптор	Дескриптор на квалификација
Знаење и разбирање	• После завршување на студиите од трет циклус во потпрограмата од орална медицина и пародонтологија се очекува профилираниот кадар да покаже солидно и систематизирано знаење и разбирање во дијагностиката на заболувања на меките ткива во усната празнина и заболувањата на пародонтот. Знаењето и разбирањето ќе умеат да го користат во препознавање на начините на можните тераписки процедури кои треба да бидат применети во третманот на болеста т.е. во лекување на пародонтот или меките ткива во оралниот кавитет. Кај овој кадар напредок во стручниот сегмент, прогрес во научноистражувачката работа и примената на современите принципи во конзервативниот и хируршки третман треба да бидат приопритет.Од нив, се очекува да бидат квалификувани да ги препознаат причините за појава на заболувањето, да ги совладаат вештините и методите при толкување на рендгенските снимки , лабораторските наоди и да умеат да ги имплементираат во научноистражувачки цели. Докторантите на потпрограмата пародонтологија и орална патологија треба да имаат солидни знаења и разбирања од претклиничкиот сегмент кој ќе биде база за надгадба во клиничкиот дел. Тоа би значело да ги имаат совладано диференцијално дијагностичките, тераписките и другите аспекти на заболувањата, што по потреба би биле база кои може да се преточат во независни и автономни истражувања во согласност со принципите базирани на докази. Клиничките теоретските знаења кај овој профил темелно ќе бидат надоградени, знаењата и разбирањата кои ќе произлезат од оваа област на студиската програма од III циклус, ќе бидат искористени најнапред како патеки во полето на истражувањето. Посебно внимание ќе се обрне кон интегрирање на теоретските знења со клиничката пракса, каде апликативноста ќе има примарно место. Се очекува преку понесените знаења студентите да ја развијат креативноста, самостојноста и одговорноста.
Примена на знаењето и рабирањето	• Стекнатите знаења од оваа област докторантите ќе можат да ги искористат во напредок на науката и праксата. Со помош на стекнатото знаење и совладаните вештини тие ќе можат да спроведат оригинални истражувања, писмено да ги пренесат своите искуства во областа на оралната патологија и пародонтологија. Своите искуства, ќе можат да ги искористат за учество на семинари и симпозиуми, да учествуваат како раководители или истражувачи во научноистражувачки проекти, организатори на работилници, трибини и дебати. Идниот доктор на науки треба да се стреми кон се поголема апликативност т.е. примена на своите научноистражувачки достигнувања во клиничкиот сегмент, на тој начин дефинитивно прогресивно ќе делува во областа која е негова предодредба. Потпирајќи се на креативноста, самодовербата, оргиналноста и индивидуалноста, сопствениот научноистражувачки прогрес ќе го поврзе со праксата.
Способност за проценка	• После завршување на студиите од оваа студиска програма, кадарот треба да успее да покаже висок степен на проценка за состојбите и проблемите во областа на пародонтологијата и оралната патологија. Овој кадар ќе има можност да се вклучи во студиозна анализа, критичност и оригиналност во проблематиката која ја обработува. Идеите кои ги има секој истражувач треба да ги процени како идеи кои вреди понатаму да ги развива или не. Истотака од нив се очекува правилна, прецизна и одговорна проценка на состојбите во истражувачкиот или здравствениот процес кој перспективно би ги искористил двонасочно, напредок во науката, но и просперитет во стручноста во областа на оралната патологија и пародонтологијата. Со новите откритија и критичноста која е неделив дел од способноста за проценка ќе се генерираат нови знаења и вештини во полето на пародонтологијата и уште посуптилно во поедини сегменти од супспецијалистички аспект.

Комуникациски вештини	• Докторите на наука треба да поседуваат способност за студиозно прегледување на достапната литература, опсежно анализирање на истражувањата на други истражувачи и да ги споделуваат своите сознанија со колегите од потесната област на истражување, со критички осврт кон избраната проблематика. Комуникациските вештини треба да ги насочува кон учество во национални и интернационални истражувачки мрежи и настани, семинари, конгреси и симпозиуми. • Резултатите од своите откритија треба да умеат вешто и систематизирано да ги презентираат пред пошироката академска заедница во земјата и во странство.
Вештини на учење	• Оваа студиска програма треба да ги развие постоечките вештини, да ги прилагоди според адиториумот за кого се наменети и да успее да се стекне со нови напредни и прогресивни вештини за учење. Овој профил ќе биде оспособен интерактивно да се вклучи во едукацијата, се очекува интрдисциплинарно да размислува и делува, проблемот да го анализира мултидисциплинарно, напуштајќи го моделот на униформност. Новоизбраниот облик на учење како посебна вештина ќе му овозможи на секој кандидат да ја покаже својата креативност и да изгради свој сопствен став. Приодот може да биде индивидуален или групен при што изборот на обликот во вештината на учење треба да биде најсоодветен , во зависност од поставената задача.

КОМПОНЕНТА 2 – ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА
од наставно-научниот совет на Факултетот

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-522
17.02.2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високо образование (Сл. весник на Р.М. бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013,41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016), член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 136/2009, 199/12, 262/2013), на предлог на Советот на студиската програма за трет циклус студии – докторски студии по стоматологија, Наставно-научниот совет на својата 39-та седница одржана на 10.02.2017 година ја донесе следнава

ОДЛУКА
за усвојување на ПРЕДЛОГ - проект за измени и дополнувања на студиската програма за трет циклус студии – докторски студии по стоматологија

Член 1

СЕ УСВОЈУВА ПРЕДЛОГ проект за измени и дополнувања на студиската програма за трет циклус студии – докторски студии по стоматологија (реакредитација) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Стоматолошки факултет – Скопје.

Член 2

Усвоениот ПРЕДЛОГ проект да се достави до органите на Универзитетот на понатамошна постапка за давање согласност и усвојување на проектот.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување.

Доставено до:
-архива,
-Универзитет,
-Одбор за соработка и доверба со јавност.

ДЕКАН
проф. д-р Љубен Гугувчевски

КОМПОНЕНТА 3 – ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

од Универзитетскиот Сенат на универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Стоматолошки факултет - Скопје

КОМПОНЕНТА 4 – НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ, ПОЛЕ И ОБЛАСТ КАДЕ ПРИПАЃА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Согласно меѓународната Фраскатиева класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области, студиската програма докторски студии - III циклус студии по стоматологија припаѓа на:

1. Научното поле – медицински науки и здравство,
2. Научно подрачје – стоматологија.
3. Студиската програма која се состои од 7 модули (потпрограми) опфаќаат области од научното поле цитирано во Фраскатиевата класификација.

Оваа студиска програма содржи седум модули:

Модул А - Стоматолошка протетика

Модул Б - Детска и превентивна стоматологија;

Модул В - Дентална патологија;

Модул Г - Ортодонција;

Модул Д - Орална хирургија;

Модул Ѓ - Максилофацијална хирургија;

Модул Е - Орална патологија и парадонтологија

КОМПОНЕНТА 5 – СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ

Студиската програма припаѓа на третиот циклус на студии.

КОМПОНЕНТА 6 – ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Напредокот во биомедицинските науки е услов за нови напредни знаења коишто претставуваат своеврсен прогрес во медицинските, но и стоматолошките науки. Всушност ова е причина плус за градење нова студиска програма којашто ќе се базира на основните знаења, но постепено ќе се надоградува со нови сознанија кои ќе претставуваат напредок во научноистражувачкиот, клиничкиот и апликативниот дел.

Целта на оваа студиска програма се остварува преку:

- Создавање научна основа за критичко размислување и самостојно решавање на практични проблеми при вршење на апликативната дејност,
- Стручните и научните сознанија кај поединецот кој ќе придонесе во квалитет во сферата на неговиот интерес;
- Интердисциплинарноста и флексибилноста посебно ќе влијаат врз квалитетот на научноистражувачките капацитети;
- Осовременување на теоретските знаења и нивната примена во секојдневната клиничка пракса, пратење на современите научни и стручни достигнувања;

- Можност за инвентивност и креативност кај овој профил чија крајна цел е осовременување на образованието, професионално усовршување и клиничка примена;
- Можност за реализација на научни проекти, научноистражувачка работа на Универзитетот, наставните бази, институтите и други истражувачки развојни центри,
- Можност за придонес во развојот на научните дисциплини.

Исто така воведувањето и реализацијата на студиската програма по стоматологија има за цел да обезбеди покриеност на еден од основните фунадаменти на науката на највисоко ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Таа е неопходна за одржувањето на високото реноме на Универзитетот. Опстанокот и натамошното развивање на овие студии е неопходен услов за забрзување на научноистражувачки напредок на Република Македонија кој дефинитивно влијае врз процесот на Европските интеграции.

КОМПОНЕНТА 7 – ГОДИНИ И СЕМЕСТРИ НА ТРАЕЊЕ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Докторските студии по стоматологија, се реализираат во текот на тригодишен курикулум (6 семестри) со вкупен број 180 кредити. Наставата по сите предметни про- грами се изведува преку теоретска, практична настава и клиничка пракса.

КОМПОНЕНТА 8 – ЕКТС КРЕДИТИ СО КОИ СЕ СТЕКНУВА СТУДЕНТОТ

Студентот се стекнува со 180 кредити по завршување на студиите. Секој семестар студентот треба да го заврши со освојување на 30 кредити кој ќе ги обезбеди преку посетување на настава и полагање на испити. Вкупниот број на кредити коишто студентот ќе ги освои од обуката за едукација и истражување изнесува 60 кредити. Преостанатите 120 кредити припаѓаат на активностите околу припрема, обработка, пријава на докторската, изработка и одбрана на докторската дисертација.

КОМПОНЕНТА 9 – НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Третиот циклус - докторски студии имаат карактер на приватни студии и се финансираат од средства на кандидатите.

Висината на трошоците за школарина на студиите за домашните и странските државјани се утврдува со одлука на Советот на студиската програма за трет циклус студии.

КОМПОНЕНТА 10 – УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

На студиската програма од третиот циклус докторски студии право за запишување имаат лица кои ги исполнуваат условите цитирани во член 13, 14 и 15 од Универзитетски гласник (година XIII, бр.245, 2 мај 2013 год.).

Условите и критериумите за запишување на студентите на студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ ги пропишува Универзитетот во согласност со законските прописи.

КОМПОНЕНТА 11 – СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

На Школата за докторски студии наставата е од модуларен тип за сите студенти кои ги посетуваат студиите во траење од 3 години или реализацијата се изведува во 6 семестри. Вкупниот број кредити во овој циклус изнесува 180 ЕКТС.

Во структурната организираност на оваа студиска програма треба да бидат задоволени одредени критериуми:

- Во текот на студиите студентот мора да собере 180 ЕКТС кредити;
- Бројот на кредити е 30 ЕКТС за еден семестар или 60 во текот на една година;
- Еден кредит подразбира 30 часа работа. Остварување 60 кредити значи 1800 часови оптеретување;
- Вкупниот број часови активна настава во текот на една учебна година изнесува 1800 ЕКТС;
- Наставата се одвива 15 недели во семестари или триесет недели во една учебна година.

I - Студиската програма на докторски студии е изградена од повеќе компоненти кои имаат логичен редослед. Имено, таа се состои од:

1. Обука за истражување која изнесува 30 ЕКТС, а опфаќа 3 предмети (Методологија на научноистражувачка работа со примена и примери и во медицинските науки, Научноистражувачка етика со примена и примери и во медицинските науки и еден предмет од Универзитетската листа), стекнување генерички знаења и вештини за истражување што изнесува 12 ЕКТС и докторски семинари, конференции и работилници од истражувачката практика што изнесува 18 ЕКТС. Вкупно од обуката за истражување се добиваат 30 ЕКТС.
2. Обука за едукација, што изнесува 30 ЕКТС кредити, во која што се вклучени два задолжителни предмети кои бројат по 10 ЕКТС и два изборни предмети кои бројат по 5 ЕКТС од потесната област на истражување. Вкупно од обуката за едукација се добиваат 30 ЕКТС.
3. Пријава, изработка и одбрана на докторската дисертација изнесува 120 ЕКТС кредити.

Обуката за истражување опфаќа:

1. Три предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување, што изнесува 12 ЕКТ (секој предмет од оваа група е вреднуван со 4 ЕКТС). Овде припаѓаат предметот научноистражувачка етика, еден предмет од групата предмети Методологија на истражување и уште еден предмет од понудената листа на други предмети од обуката за истражување, која по предлог на еди- ницата- носителите на студиските програми, ја потврдува Универзитетскиот стручен совет за докторски студии.
2. Докторските семинари, конференции и работилници од истражувачката практика изнесува 18 ЕКТС. Семинарот и годишната конференција се организираат за секоја академска година и се реализираат со јавна презентација. Секоја јавна презентација на семинар и годишна конференција се вреднува по 2 кредити.Работилниците за истражувачката практика се организираат во рамките на студиската програма. Секоја работилница се вреднува со по 3 ЕКТС.

Обуката за едукација опфаќа предмети од полето, подрачјето и потесната област на истражувањето, што изнесува 30 ЕКТС кредити. Во оваа група предмети припаѓаат задолжителни и изборни предмети.

Активностите поврзани со пријавување и изработка на докторската дисертација опфаќаат:

- Литература, консултации околу изборот на темата (во I семестар 3 ЕКТС);
- Истражување за подготовка на тема за докторска дисертација (во II семестар) се вреднува со 11 ЕКТС;
- Истражување, подготвување и поднесување на пријавата за темата за докторска дисертација (во III семестар) се вреднуваат со 28 ЕКТС;
- Истражување и објавување резултати (во IV семестар) се вреднуваат со 25 ЕКТС;
- Истражување и објавување резултати (во V семестар) се вреднуваат со 28 ЕКТС;
- Истражување и пишување на тезата (во VI семестар) се вреднуваат со 25 ЕКТС; Наставата на студиската програма се изведува на македонски јазик.

Според потребите и афинитетот на кандидатите одредени делови може да се организираат и изведуваат и на англиски јазик. Литературата за настава може да биде и на некој од светските јазици.

Наставата на докторските студии се организира во два облика:

- Групна настава, која е основен облик на докторските студии може да се држи по сите предмети и
- Поединечна настава (менторска) која се одржува во вид на консултации.

Најмалата бројка на студенти за кои треба да се организира групна настава е 5, а за одржување поединечна настава 2 кандидати.

Во реализација на наставата на докторските студии може да учествуваат и лица од други школи за докторски студии, факултети, институции и други Универзитети од земјата и странство, под услови утврдени со Закон, Статутот на Универзитетот и Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

II- Распределба на предметите и кредити по години

Наставата на третиот циклус е организирана во тригодишен курикулум кој се одвива низ шест семестри.

I–година: основни (генерички) предмети (12 ЕКТС), семинари (4 ЕКТС), работење на докторската теза (14 ЕКТС), предмети од подрачјето, предмети од полето на истражување, специфични предмети од потесната област организирани во модули (30 ЕКТС);

II–година: научноистражувачка работа-изработка на докторската дисертација подготвување на темата, поднесување пријава за темата за докторската дисертација, истражување и објавување резултати (53 ЕКТС), учество во публикации на научен труд, докторски семинар со презентација на извештај, годишна конференција (4 ЕКТС) и работилница за истражувачка практика (3 ЕКТС);

III–година: научноистражувачка работа (истржување и објавување резултати, пишување на тезата (53 ЕКТС), научна активност (докторски семинар со презентација на извештај, годишна конференција (4 ЕКТС) и работилница за истражувачка практика (3 ЕКТС).

Според својата структура последипломските докторски студии по стоматологија се прилагодени спрема европскиот кредит трансфер систем за пренос на кредити.

III - Организација на наставата на третиот циклус е следна

- основни (генерички) предмети предмети (12 ЕКТС);
- предмети од подрачјето, предмети од полето на истражување, специфични предмети од потесната област организирани во модули (30 ЕКТС);
- научноистражувачка активност (120 ЕКТС);
- учество на семинари, работилници, конгреси, пишување извештаи во текот на три години (18 ЕКТС).

IV - Распоред на предметната настава според бодовната група по семестри

I - година	II - година	III - година
1. Општи генерички предмети (12 ЕКТС) 2. Два задолжителни предмети од подрачјето, полето и областа за истражување и два изборни предмети од полето на истражување, специфични предмети од од потесната област од модулот (30 ЕКТС) 3. Истражување (подготовка на докторската теза 14 ЕКТС) 4. Семинари со презентации-извештај (4 ЕКТС)	1. Истражување (изработка на докторската теза, консултација на литература, воведување метод на работа, истражување и објавување резултати 53 ЕКТС 2. Работилница за истражувачка практика (3 ЕКТС) 3. Работилници, семинари, го- дишни конференции (4 ЕКТС)	1. Истражување (објавување резултати, оформување на дисертацијата, финализација на тезата (53 ЕКТС) 2.Работилници за истражувачка практика (3 ЕКТС) 3. Работилници, семинари, презентација на извештај, годишни конференции (4 ЕКТС)
60 ЕКТС	**60 ЕКТС**	**60 ЕКТС**

Вкупно 180 ЕКТС за целиот тригодишен курикулум.

V. Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети

Според член 99 од ЗВО, на оваа студиска програма запазен е пропишаниот сооднос помеѓу бројот на задолжителните и на изборните предмети. Во следнава табела е даден точниот процентуален сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети за студиската програма.

	Вкупно предмети	Задолжителни предмети	Изборни предмети од областа на истражување	Изборни предмети од Универзитетска листа
Пропишана норма	100 %	< 60 %	> 30 %	> 10 %
Предмети	7	3	3	1
Процент на програмата	100%	42,85	42,85	14,28 %

Задолжителните предмети кои се дел од наставниот курикулум на оваа студиска програма ја сочинуваат 3 задолжителни предмети од кои еден од обуката за истражување т.е. Научноистражувачка етика со примена и примери во подрачјето на медицинските науки, и уште два предмети кои се составен дел на модулот кој го избираат кандидатите-студентите на докторски студии т.е. од обуката за едукација. Изборните предмети и припаѓаат на предметите од областа за истражување. Имено, студентите може да изберат 2 изборни предмети од обуката за едукација од модулите на студиската програма и уште еден изборен предмет т.е. Методологија на научно истражувачката работа со примена и примери во подрачјето на медицинските науки. Предмети кои што студентите самостојно ги избираат од Универзитетската листа на слободни изборни предмети ги предлага единицата на Универзитетот. Тие во општа та структура изнесуваат 10% од предметите. Стоматолошкиот факултет за таа цел го предлага предметот Биостатистика која настава ја изведува Катедрата за статистика на Медицинскиот факултет при УКИМ. Студентите од Универзитетската листа на изборни предмети, може да изберат било кој предмет што е од нивни интерес.

VI-а. Основни општи предмети (предмети за стекнување општи генерички знаења)

Предметите од оваа група ја чинат мал број предмети кои се слушаат во текот на првиот семестар од првата година на студиите, а студентот е должен да запише 12 кредити од таа група. Основните предмети се насочени кон стекнување знаења кои ќе се применат во научноистражувачки цели. Нивната задача е да ги запознаат студентите со основите за научна работа и постапките во биомедицинските истражувања. Предметите кои припаѓаат на групата предмети од обуката за истражување со кои се стекнуваат генерички знаења всушност претставуваат вовед во научноистражувачката работа. Тие опфаќаат предмети со кои кандидатот се насочува кон изведување научноистражувачка постапка, ги совладува статистичките темели на научноистражувачката работа и го учи користењето на библиографските ресурси. Дефинитивно ги совладува вештините на пишување научно дело.

Генеричките предмети Методологија на научноистражувачка работа со примена и примери во медицинските науки и Научноистражувачка работа со примена и примери во медицинските науки се предмети кои ги организира и реализира Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“Стоматолошки факултет - Скопје како организатор на студиската програма. Третиот изборен генерички предмет од Универзитетската листа е во организација и реализација на Школата за докторски студии. Распределбата и организацијата на ЕКТС кредитите од предметите со кои студентите се здобиваат со генерички знаења е регулирана со член 27 од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии -докторски студии на Универзитетот “ Св. Кирил и Методиј”, објавени во Универзитетски гласник бр. 245 од 2 мај 2013 год.

Што се однесува до наставата студентите може да ја следат и во други институции во земјата и странство доколку тие студии одговараат на научните квалитативни стандарди и се во согласност со Уредбите во Правилникот. При активностите студентите вршат избор за посета на курсеви во договор со менторите, имајќи ги предвид нивните потреби и вештини за исполнување на истражувачките активности. Во оваа студиска програма се предвидува најмалку еднонеделен престој во странска образовна институција која се вреднува со 5 ЕКТС.

	ГЕНЕРИЧКИ ПРЕДМЕТИ - I	КРЕДИТИ
1	НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ЕТИКА СО ПРИМЕНА И ПРИМЕРИ ВО ПОДРАЧЈЕТО НА МЕДИЦИНСКИТЕ НАУКИ	4
2	МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА СО ПРИМЕНА И ПРИМЕРИ ВО ПОДРАЧЈЕТО НА МЕДИЦИНСКИТЕ НАУКИ	4
3	ПРЕДМЕТИ ПОНУДЕНИ ОД УНИВЕРЗИТЕТСКАТА ЛИСТА НА УКИМ	4

III-б. Модули на предмети од подрачјето, полето или областа на истражување

Оваа група предмети ги опфаќаат предметите со чија помош ќе дојдат до одредени сознанија, знаења и решавање проблеми од потесните области на стоматологијата, биомедицинските науки и здравство. Тесно специјализирани знаења се стекнуваат со сопствено следење, проучување на пристапната литература во таа област, соработка со менторот и креативна работа на предметите по избор и интерес на кандидатот, а кои се совпаѓаат со областа од кои е предложена докторската теза. Секој кандидат од соодветниот модул мора да ги положи двата задолжителни предмета, и од поширокатa листа изборни предмети го прави изборот.

Кандидатот може да одбере изборни предмети и од друг модул само ако тие се во најтесна врска со проблемот кој го обработува во тезата. Во осмислување и реализација на подрачно или обласно насочените предмети учествува менторот кој е од редот на наставниците на студиската програма, или други стручни лица научно докажани во одбраната област.

При изборот на предметите од подрачјето, полето т.е. областа на истражување, кандидатите после генеричките предмети одбира 2 задолжителни и 2 изборни предмети. Вон предвидените активности (семинари, годишни конференции, работилници) за задолжителните и изборните предмети добива 30 ЕКТС.

Распределбата на задолжителните и изборните предмети од потесната област на истражување во оваа студиска програма се распределени во модули-потпрограми. Заради разноликоста и специфичноста во одредени области понудени се предмети од 7 области според Фраскатиевата класификација кои се организирани во 7 модули. Во секој модул бројот на изборните предмети се движи до 10. Во секој модул се содржат предмети од подрачјето, предмети од полето на истражување, специфични предмети од потесната област. Секој од задолжителните предмети носи 10 ЕКТС, а изборните предмети по 5 ЕКТС.

Структурата на модулите кои ја сочинуваат студиската програма се следни:

1. Стоматолошка протетика или модул А

Овој модул ги апсорбира предложените предмети од областа на клиничката и претклиничката фиксна и мобилна протетика. Него го сочинуваат два задолжителни и девет изборни предмети од областа на мобилна и фиксна протетика (5+4). Задолжителните предмети носат по 10 ЕКТС, а изборните по 5 ЕКТС. Предметите се едносеместрални.

2. Детска и превентивна стоматологија или модул Б

Структурата на овој модул ја сочинуваат предмети од областа на детска и превентивна стоматологија. Студентите кои ќе го посетуваат овој модул ќе имаат можност да слушаат и полагаат два задолжителни предмети и да избираат два изборни предмети од

понудените девет. Изборните предмети ги избира кандидатот од понудената листа по сопствен избор. Задолжителните предмети носат по 10 ЕКТС, а изборните по 5 ЕКТС

3. Дентална патологија или модул В

Овој модул го сочинуваат предмети од областа на дентална патологија. Тоа се два задолжителни и осум изборни предмети.

4. Ортодонција или модул Г

Структурата на овој модул се состои од два задолжителни предмети кои носат по 10 ЕКТС и пет изборни предмети кои се вреднуваат со 5 ЕКТС.

5. Орална хирургија или модул Д

Модул кој е составен од два задолжителни и пет изборни предмети.

6. Максилофацијална хирургија или модул Ѓ

Модулот е составен од два задолжителни предмети кои носат по 10 ЕКТС и осум изборни предмети.

7. Орална патологија и пародонтологија или модул Е

Предметите кои се содржани во овој модул ги сочинуваат предмети од областа на орална патологија и пародонтологија. Модул Г е структурно изграден од два задолжителни предмети кои носат 10 ЕКТС, и изборни предмети по 5 ЕКТС од областа на орална патологија и пародонтологија. Вкупниот број изборни предмети од овој модул е 10.

Предметите од модулите можат да бидат избрани од кандидатите според сопствениот интерес и потреба, но изборот што го прави кандидатот треба да кореспондира со изборот на областа т.е. пријавената тема.

Докторските студии се одликуваат со флексибилност која подразбира избор на предмет од друг модул за кој кандидатот смета дека ќе му биде од корист за изработка на докторската тема. Листата на предмети е постојано отворена, може да се дополнува и менува со нови предметни содржини.

Изборот на предметите, полагања на генеричките , задолжителните и изборните предмети од обуката за едукација, студентот е обврзан да ги положи до крајот на вториот семестар. Во вториот семестер предвиден е семинар кој треба студентот да го изреализира за кој добива 4 ЕКТС. По овој основ после завршениот семестар студентот ќе освои 60 ЕКТС.

Во третиот семестар започнатата научноистражувачка работа од првата година се интензивира, а студентите се ангажирани воглавно со истражување од кое подоцна ќе произлезе докторската теза. Во тригодишниот курикулум кандидатот задолжително треба да спроведе истражување. За тоа се планирани 120 ЕКТС

Откако студентот ќе ги положи сите испити предвидени со програмата, ќе се спроведе валоризација на кредитите од семинарот во трет и годишната конференција во втор семестар. Студентот со освоени 42 кредити и 4 кредити од семинар - годишна конференција со јавна презентација поднесува пријава за прифаќање на тема за изработка на докторска дисертација преку Советот за трет циклус студии на Факултетот до Наставно-научниот совет, најдоцна пред завршување на третиот семестар.

Следи листа на задолжителни и изборни предмети според предвидените модули-потпрограми:

МОДУЛ А СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА

1. Листа на задолжителни предмети во модул А

КОД	ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСА1104	Современи дијагностички и терапевтски процедури кај парцијална и тотална безабост	10
ДСА1105	Современи аспекти на планирање и реализација на фиксно протетски надоместоци	10

2. Листа на изборни предмети во модул А

КОД	ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСА2101	Вилично - зглобни неправилности: (прв дел)	5
ДСА2102	Вилично -зглобни неправилности: (втор дел)	5
ДСА2103	Биомеханички карактеристики на џвакалниот систем	5
ДСА2104	Меѓувилични односи во стоматолошката протетика: современи приоди во нивната регистрација и грешки при нивното одредување	5
ДСА2105	Биолошки основи на парцијалните протези, дефинирање на основните проблеми на парцијалната беззабност и предлог мерки за санирање на овие состојби	5
ДСА2106	Биомеханички принципи на препарација на заби за фиксни изработки	5
ДСА2107	Постапки и третман за постигнување современа естетика во фиксната протетика	5
ДСА2108	Можности за естетска протетика со примена на керамиката	5
ДСА2109	Фиксни конструкции изработени над претходно вградени импланти	5

МОДУЛ Б ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА

1. Листа на задолжителни предмети во модул Б

КОД	ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСБ1104	Естетско-функционални реставративни стоматолошки процедури во детска возраст	10
ДСБ1105	Современи концепти во превенција на оралните заболувања во детска возраст	10

2. Листа на изборни предмети во модул Б

КОД	ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСБ2101	Дентален плак и неговата улога во настанување на забниот кариес и пародонталната болест	5
ДСБ2102	Улогата на флуоридите во превентивата на забниот кариес	5
ДСБ2103	Ултраструктурни промени кај иницијалната кариозна лезија	5
ДСБ2104	Едукација и мотивација - примарни фактори во превенцијата на оралните заболувања	5
ДСБ2105	Контрола на болката во детската возраст	5
ДСБ2106	Лекување на заби со незавршен раст на корен	5
ДСБ2107	Дентална трауматологија во детска возраст	5
ДСБ2108	Протетско збринување кај децата и младинците	5
ДСБ2109	Нови класификации на кариозните лезии	5

МОДУЛ В — ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА

1. Листа на задолжителни предмети во модул В

КОД	ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСВ1104	Анализа на улогата и значењето на ендодонтската терапија во современата стоматологија	10
ДСВ1105	Естетско-функционални реставративни стоматолошки процедури	10

2. Листа на изборни предмети во модул В

КОД	ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСВ2101	Дејство на ласерот врз тврдите ткива	5
ДСВ2102	Коронарна микропропустливост кај ендодонтско третираните заби	5
ДСВ2103	Биокомпатибилноста и современите реставративни материјали	5
ДСВ2104	Методологии на испитување на влијанието на средствата за иригација на коренските канали врз виталните ткива и останатите дентински структури	5
ДСВ2105	Испитување на биолошките и техничките својства на материјалите за полнење на коренските канали	5
ДСВ2106	Хистопатолошка и микробиолошка анализа на периапикалните заболувања	5
ДСВ2107	Испитување поврзано со промените кои настануваат врз забните структури по спроведеното белење на витални и невитални заби	5
ДСВ2108	Композитни материјали - поделба и одредување на квалитетот	5

МОДУЛ Г — ОРТОДОНЦИЈА

1. Листа на задолжителни предмети во модул Г

КОД	ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСГ1104	Ортодонтско стоматолошка превентива и интерцептива	10
ДСГ1105	Морфолошко функционална ортопедија на вилици и заби	10

2. Листа на изборни предмети во модул Г

КОД	ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСГ2101	Антропологија на коските на глава и врат	5
ДСГ2102	Ортодонтско хируршки третман на скелетните дентофацијални - неправилности	5
ДСГ2103	Орофацијална генетика I и II	5
ДСГ2104	Конвенционална и дигитална рендгенќефалометрија во ортодонција	5
ДСГ2105	Дентална оклузија и дисфункција на темпоромандибуларниот зглоб	5

МОДУЛ Д — ОРАЛНА ХИРУРГИЈА

1. Листа на задолжителни предмети во модул Д

КОД	ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСД1104	Инфекции во орофацијалната регија	10
ДСД1105	Современи аспекти во денталната имплантологија	10

2. Листа на изборни предмети во модул Д

КОД	ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСД2101	Современи аспекти на употреба на ласер во оралната хирургија	5
ДСД2102	Коскени субституенти и биоматеријали за регенерација на вилични коски	5
ДСД2103	Хронични периапикални лезии и вилични цисти	5
ДСД2104	Имактирани заби	5
ДСД2105	Мекотканивни и дентоалвеоларни повреди	5
ДСД2106	3Д компјутерска имагинациона техника во оралната хирургија и имплантологија	5
ДСД2107	Оралнохируршки интервенции кај ризични пациенти	5
ДСД2108	Мекотканивни интервенции и коскени аугументативни техники во оралната хирургија	5

МОДУЛ Ѓ — МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА

1. Листа на задолжителни предмети во модул Ѓ

КОД	ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСЃ1104	Тешки инфекции и компликации во орофацијалната регија	10
ДСЃ1105	Биомедицински аспекти на функционалните и реконструктивните зафати во максилофацијалната хирургија	10

2. Листа на изборни предмети во модул Ѓ

КОД	ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСЃ2101	Современ третман на лицеви скршеници	5
ДСЃ2102	Современи аспекти во дијагностика и третман на орален канцер	5
ДСЃ2103	Патологија на максиларен синус	5
ДСЃ2104	Саливарна патологија-современи дијагностички и терапевтски постапки	5
ДСЃ2105	Естетско корективни интервенции на лицето и вилиците	5
ДСЃ2106	Коскени лезии - диференцијална дијагноза	5
ДСЃ2107	Патологија на темпоромандибуларен зглоб	5
ДСЃ2108	Бенигни тумори во орофацијалната регија	5

МОДУЛ Е ОРАЛНА ПАТОЛОГИЈА И ПАРОДОНТОЛОГИЈА

1. Листа на задолжителни предмети во модул Е

КОД	ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСЕ1104	Современи аспекти на оралната патологија и медицина	10
ДСЕ1105	Тераписки можности на пародонталната болест	10

2. Листа на изборни предмети во модул Е

КОД	ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ	КРЕДИТИ
ДСЕ2101	Современ пристап кон проблемот на оралните претканцерозни состојби	5
ДСЕ2102	Орално - медицински аспекти на автоимуните заболувања	5
ДСЕ2103	Имунохистохемиска и молекуларна анализа на оралните дерматози	5
ДСЕ2104	Дијагностичките дилеми на различните пемфигоидните лезии во оралнот кавитет	5
ДСЕ2105	Научни испитувања во психостоматологијата	5
ДСЕ2106	Медицински аспекти на афтоидните заболувања	5
ДСЕ2107	Орално медицински аспекти на глоситисите	5
ДСЕ2108	Орални аспекти на вирусните заболувања	5
ДСЕ2109	Примена на високоенергетските ласери во пародонтологијата	5
ДСЕ2110	Микробиошки аспекти на пародонтопатијата	5

Во првиот и вториот семестар студентите покрај генеричките предмети и предметите од полето на истражување, подрачјето и потесната област на истражување добиваат кредити и од годишниот семинар и од годишната конференција.

За одредени активности на семинари, работилници, пишување извештаи, први- ни активности на истражување за докторската теза. По сите овие основи тие во првиот семестар и вториот семестар собираат најмалку по 30 кредити, што значи вкупно 60 кредити за една година.

Вкупно за целиот тригодишен курикулум студентот се здобива со 180 кредити.

Наставни единици распредени по кредити (годишно) на студиската програма за доктори на стоматолошки науки од III- VI семестер

I - семестар		II - семестар	
Активности	**кредити**	**Активности**	**кредити**
Три генерички предмети од обуката за истражување	12	Еден задолжителен предмет од обуката за едукација	10
Еден задолжителен предмет од обуката за едукација	10	Еден изборен предмет од обуката за едукација	5
Еден изборен предмет од обуката за едукација	5	Истражување за подготовка на тема за докторска дисертација	11
Литература, консултации околу изборот на темата	3	Докторски семинар со јавна презентација	4
Вкупно:	**30**	**Вкупно:**	**30**
III - семестар		**IV - семестар**	
Активности	**кредити**	**Активности**	**кредити**
Истражување, подготвување и поднесување на пријавата на тема за докторската дисертација	28	Истражување и објавување резултати	25
		Годишна конференција со јавна презентација	2
Годишна конференција	2	Работилница за истражувачка практика	3
Вкупно:	**30**	**Вкупно:**	**30**
V - семестар		**VI - семестар**	
Активности	**кредити**	**Активности**	**кредити**
Истражување и објавување резултати	28	Истражување и пишување на тезата	25
Семинар со јавна презентација	2	Годишна конференција	2
		Работилница за научноистражувачка практика	3
Вкупно:	**30**	**Вкупно:**	**30**

6 семестри x 30 ЕКТС = 180 ЕКТС кредити

КОМПОНЕНТА 12 – ПОДАТОЦИ ЗА ПРОСТОРОТ ПРЕДВИДЕН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Стоматолошкиот факултет – Скопје, својата високообразовна дејност ја врши во рамки на просторот со кој самостојно располага, но пред се на своите две наставни бази и тоа на:

-Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Св. Пантелејмон,, Скопје и

-Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија Скопје.

Меѓусебните права и обврски Факултетот со овие две установи ги уредува со Спогодби склучени согласно Законот за високо образование (односно со **АНЕКС 1** даден во прилог за двете установи кој дава преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност)

Наставни бази

ЈЗУ Универзитетски клинички центар „Св.Пантелејмон“, кој располага со вкупнаповршина од 4650 m^2, во чии рамки функционираат Клиниката за ортодонција, клиниката за детска и превентивна стоматологија, Клиниката за стоматолошка протетика, Клиниката за дентална патологија и терапија, Клиниката за орална хирургија и Клиниката за болести на устата и пародонтот.

ЈЗУ Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија Скопје, која располага со вкупна површина од 1513 m^2.

Во рамки на клиниките, Стоматолошкиот факултет – Скопје располага со простор конкретно наменет за реализација на теоретска настава и тоа:

- амфитеатар со 150 места,
- амфитеатар со 120 места,
- две предавални со 30 места,
- библиотека со 20 места.

Практичната настава се одвива во претклинички и забно-протетски лаборатории, клинички и технички сали, операциони сали, едукативен центар.

Сопствен простор

Админитративен дел со вкупна површина од 650 m^2 и барака (стар деканат) каде функционира центар за компјутерско полагање на испити.

КОМПОНЕНТА 13 – ЛИСТА НА ОПРЕМА ПРЕДВИДЕНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

Опремата предвидена за реализација на студиската програма, односно за изведување на наставната и истражувачката дејност на Факултетот е сместена во наставните бази наведени во компонента 14.

Опремата просторно се наоѓа во претклиничките и клиничките сали, заботехничките лабаратории, биохемиската лабараторија, во предавалните и амфитеатрите, комјутерскиот центар, во едукативен центар и.т.н.

Прилог на компонента 14 и 15 се:

1. **Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност склучена со ЈЗУ УСКЦ ,,Св. Пантелејмон,, Скопје**

2. **АНЕКС 1 кон спогодбата – преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и**

3. **Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност склучена со ЈЗУ Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија Скопје**

4. **АНЕКС 1 кон спогодбата – преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност.**

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-122/4
27-5 2009 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр 02-535
27.05 2009 год.
СКОПЈЕ

Јавна здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР
СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН
Бр. 03-1431
29.05 2009 год.
Скопје

Врз основа на член 179, став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 35/08, 103/08 и бр. 26/09) , член 108, ставовите 4 и 5 и член 109-а од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“, бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), а во врска со член 133, став 4 од Законот за високото образование, се склучува следнава

С П О Г О Д Б А
за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците

Помеѓу:

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Стоматолошкиот факултет застапуван од ректорот проф. д-р Велимир Стојковски и претставуван од деканот проф. д-р Александар Грчев (во натамошниот текст: **Стоматолошки факултет**),

и

Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, застапувана од директорот д-р Аријан Даци (во натамошниот текст: **Универзитетска стоматолошка клиника**).

Член 1

Стоматолошкиот факултет е високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје која врши високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност на начин на кој се обезбедува функционална целина на трите дејности.

Член 2

Универзитетската стоматолошка клиника е јавна здравствена установа која образовната и научноистражувачката дејност ја врши на начин на кој се обезбедува функционална целина на здравствената, образовната и научноистражувачката дејност и согласно со потребите на Стоматолошкиот факултет за спроведување на студиските програми.

Член 3

Со оваа Спогодба, Стоматолошкиот факултет и Универзитетската стоматолошка клиника ги уредуваат меѓусебните односи, условите и начинот во вршењето на образовната, научноистражувачката и здравствената дејност како функционална целина согласно со потребите за спроведување на студиските програми, како и за уредување на работниот однос на лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања кои се вработени во Универзитетската стоматолошка клиника.

Член 4

Согласно со член 3 од оваа Спогодба, Стоматолошкиот факултет и Универзитетската стоматолошка клиника ги утврдуваат следниве права, обврски и одговорности:

- Универзитетската стоматолошка клиника е согласна да обезбедува просторни и технички услови за реализација на теоретската и практичната настава согласно со потребите на Стоматолошкиот факултет за спроведување на студиските програми на трите циклуси на високото образование, да обезбедува услови за спроведување на програмите за образование на кадри според Законот за здравствена заштита (специјализации и супспецијализации), да обезбедува услови за реализација на научноистражувачката работа и развој на научната доктрина од заеднички интерес.

- Универзитетската стоматолошка клиника и Стоматолошкиот факултет се согласни лицата вработени на Универзитетската клиника, а избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Стоматолошкиот факултет, работниот процес да го остваруваат во двете установи согласно со закон, колективен договор и со оваа Спогодба.

Член 5

Правата и обврските од работниот однос лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Стоматолошкиот факултет ги остваруваат на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската стоматолошка клиника.

Член 6

Високообразовната дејност согласно со студиските програми и планови и научно-истражувачката дејност се изведуваат истовремено на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската стоматолошка клиника.

Член 7

Универзитетската стоматолошка клиника е согласна за потребите на Стоматолошкиот факултет, високообразовната (теоретска и/или практична) и научноистражувачката дејност непречено да се остваруваат во просториите и со работите на Универзитетската стоматолошка клиника коишто истовремено се користат и за вршење на здравствената дејност.

Работите коишто не се користат истовремено за вршење и на здравствена дејност, туку само за потребите на високообразовната дејност, ги обезбедува Стоматолошкиот факултет и нив ги користи Стоматолошкиот факултет.

Член 8

Научноистражувачката дејност, вклучително и изработката на проектите, потписниците на оваа Спогодба ја остваруваат во согласност со прописите за високото образование, научноистражувачката и здравствената дејност.

Член 9

Лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Стоматолошкиот факултет (во натамошниот текст: лица избрани во звања), вршат и здравствена дејност во Универзитетската стоматолошка клиника во обем утврден согласно со закон, колективен договор и со договорот за вработување.

Лицата избрани во звања вршат здравствена дејност во Универзитетската стоматолошка клиника истовремено вршејќи високообразовна и научноистражувачка дејност како функционална целина, во обем утврден согласно со закон и со договорот за вработување.

Член 10

Лицата избрани во звања засноваат работен однос на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската стоматолошка клиника, така што со работата во двете установи остваруваат полно работно време утврдено со закон.

Член 11

Видот и обемот на работата на лицата избрани во звања, по предлог на соодветната катедра, ги утврдува Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, врз основа на студиската програма и нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност.

За работата од став 1 на овој член се склучува договор за вработување помеѓу избраното лице во звање и Стоматолошкиот факултет.

Член 12

Видот и обемот на работата на лицата избрани во звања, кои вршат здравствена дејност во Универзитетската стоматолошка клиника, се утврдуваат со договорот за вработување склучен помеѓу избраното лице и Универзитетската стоматолошка клиника.

Член 13

Деканот на Стоматолошкиот факултет, најдоцна до почетокот на академската година која започнува на 15 септември, го известува директорот на Универзитетската стоматолошка клиника за времето за кое лицето е избрано во звање и за распоредот на работното време за тековната академска година.

Директорот на Универзитетската стоматолошка клиника, по предлог на деканот и во согласност со потребата на Универзитетската клиника за вршење на здравствената дејност, го утврдува распоредот на работното време на лицето избрано во звање од став 1 на овој член.

Член 14

Лицето избрано во звање кое врши високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност има право на плата и надоместоци сразмерно на работното време поминато на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската стоматолошка клиника, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Пресметката и исплатата на платата и придонесите за лицето од став 1 на овој член ги вршат Универзитетската стоматолошка клиника и Стоматолошкиот факултет сразмерно на времето поминато на работа.

Член 15

На лицата избрани во звања и вработени на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската стоматолошка клиника кои во текот на учебната година наполниле 65 години старост, работниот однос им трае до крајот на учебната година истовремено на Стоматолошкиот факултет и на Универзитетската стоматолошка клиника.

Член 16

Потписниците на оваа Спогодба се согласни користењето на отсуства поради стручни и научни престои и усовршувања на лицата избрани во звања да се врши врз основа на одлука на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и со Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет по претходно одобрение од Универзитетската стоматолошка клиника.

Член 17

Лицето избрано во звање на кое му престанал работниот однос на Стоматолошкиот факултет продолжува да работи како здравствен работник со полно работно време во Универзитетската стоматолошка клиника, доколку за тоа не постојат законски пречки.

Член 18

За сторена повреда на работната обврска, како и за сторена штета, лицето избрано во звање е одговорно истовремено пред деканот на Стоматолошкиот факултет и пред директорот на Универзитетската стоматолошка клиника, согласно со закон и со колективен договор, во зависност од работата што ја вршел во моментот на настанувањето на повредата и/или штетата.

Член 19

Работните места на лицата избрани во звања се утврдуваат со општите акти на потписниците на оваа Спогодба.

Член 20

Лицата во работен однос во Универзитетската клиника, а избрани во звања на Стоматолошкиот, ќе засноваат работен однос и со Стоматолошкиот факултет, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Спогодба.

Член 21

Потписниците се должни да го следат спроведувањето на оваа Спогодба непосредно и преку своите органи и служби.

Како постојан орган надлежен за спроведување на оваа Спогодба, потписниците формираат Координативен одбор.

Член 22

Координативниот одбор го сочинуваат: ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, односно лицето што тој ќе го овласти, деканот на Стоматолошкиот факултет, соодветен раководител на катедра, директорот и претседателот на Управниот одбор на Универзитетската стоматолошка клиника.

Член 23

Координативниот одбор:

- го следи спроведувањето на Спогодбата;
- дава толкување на одредбите на Спогодбата;
- ги усогласува целите, задачите, интересите и ставовите на потписниците на Спогодбата;

– одлучува по евентуално настанатите спорови помеѓу потписниците на Спогодбата, вклучувајќи ги и споровите во врска со правата, обврските и одговорностите на лицата избрани во звања кои истовремено треба да ги остварат во двете установи.

Член 24

Прилог на оваа Спогодба се Анексот 1, односно Прегледот на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност, и Анекс 2, односно Прегледот на лицата избрани во звања кои истовремено вршат високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност.

Член 25

Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.

Член 26

Оваа Спогодба е сочинета во три еднакви примероци.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Ректор

Проф. д-р Велимир Стојковски

Јавна здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“

Директор

Д-р Аријан Даци

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет

Декан

Проф. д-р Александар Грчев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" Бр. 02-182/5 07-7 2009 год. СКОПЈЕ

Јавна здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН Бр. 03-2131/1 7.07 2009 год. Скопје

Република Македонија Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ Бр. 02-687 7.07 2009 год. СКОПЈЕ

Согласно со член 4, точка 1 и членовите 6, 7, 18 и 24 од Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците (во натамошниот текст: Спогодбата), договорните страни:

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет, застапуван од ректорот проф. д-р Велимир Стојковски и претставуван од деканот проф. д-р Александар Грчев (во натамошниот текст: **Стоматолошки факултет**),
и
Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, застапувана од директорот д-р Аријан Даци (во натамошниот текст: **Универзитетска стоматолошка клиника**),

го склучуваат кон Спогодбата следниов

АНЕКС 1

Преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност

Член 1

Согласно со член 4, точка 1 од Спогодбата, Универзитетската стоматолошка клиника е согласна да обезбедува просторни и технички услови за реализација на теоретската и практичната настава согласно со потребите единствено и само на Стоматолошкиот факултет за спроведување на неговите студиски програми на трите циклуси на високото образование, да обезбедува услови за спроведување на програмите за образование на кадри според Законот за здравствена заштита (специјализации и супспецијализации), како и да обезбедува услови за реализација на научноистражувачката работа и развој на научната доктрина од заеднички интерес.

Член 2

За реализација на таа цел, согласно со член 7, став 1 од Спогодбата, Универзитетската стоматолошка клиника е согласна за потребите на Стоматолошкиот факултет, високообразовната (теоретска и/или практична) и научноистражувачката дејност непречено да се остварува во просториите и со опремата на Универзитетската стоматолошка клиника коишто истовремено се користат за вршење на здравствената дејност.

Договорните страни се согласни за просториите и опремата каде што ќе се врши, односно со кои ќе се врши високообразовна и научноистражувачка дејност да се сите простории и сета опрема каде што ќе се врши, односно со кои

се врши здравствената дејност на Универзитетската стоматолошка клиника, сета опрема која Универзитетската стоматолошка клиника ја користи во вршењето на здравствената дејност, како и просториите кои во иднина би биле изградени, доградени, адаптирани и сл. за вршење на здравствена дејност.

Одредбата од претходниот став соодветно се однесува и за опремата.

Член 3

Просториите од член 2 на овој Анекс, кои истовремено се користат за вршење на здравствена, високообразовна и научноистражувачка работа, можат да бидат отуѓени, користени, пренаменети, адаптирани, издадени под закуп и сл. исклучиво со согласност на двете договорни страни.

Одредбата од претходниот став соодветно се однесува и за опремата.

Член 4

Просториите од член 2 на овој Анекс, во моментот на неговото потпишување од страна на договорните страни, по клиники на Универзитетската стоматолошка клиника се:

На Клиниката за болести на уста:

1. 1 сала со 10 стоматолошки работни места;
2. 1 сала со 3 стоматолошки работни места;
3. 1 клиничка лабораторија со опрема за биохемиски анализи.

На Клиниката за орална хирургија:

1. сала со 7 стоматолошки работни места;
2. 4 операциони сали;
3. 1 просторија за стерилизација.

На Клиниката за дентална патологија и терапија:

1. 2 клинички сали со по 10 стоматолошки работни места;
2. 1 клиничка сала со 3 стоматолошки работни места.

На Клиниката за стоматолошка протетика:

1. 2 клинички сали со по 10 стоматолошки работни места;
2. 2 заботехнички лаборатории со по 20 работни места.

На Клиниката за детска стоматологија:

1. 1 клиничка сала со по 10 работни стоматолошки места;
2. 1 клиничка сала со 3 работни стоматолошки места.

На Клиниката за ортодонција:

1. 1 клиничка сала со 10 работни стоматолошки места.

Простории кои се наоѓаат во зградата на Универзитетската стоматолошка клиника, наменети за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност, се и:

- рендген-кабинет;
- фотолабораторија.

Член 5

За просториите и опремата кои се наоѓаат во зградата на Универзитетската стоматолошка клиника кои не се користат истовремено за вршење на здравствената, туку само за потребите на високообразовната дејност, работите и материјалите ги обезбедува Стоматолошкиот факултет во Скопје и нив ги користат исклучиво студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Трошоците за нивното тековно одржување, адаптирање, реновирање и сл. ги сносува Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Простории од став 1 од овој член се:
- 1 амфитеатар за 150 слушатели;
- 1 библиотека со 20 места;
- 4 претклинички сали, и тоа:

На Клиниката за орална хирургија:
- 1 претклиничка сала со 3 фантоми за стоматолошка едукација.

На Клиниката за дентална патологија:
- 1 претклиничка сала со 10 фантоми за стоматолошка едукација.

На Клиниката за стоматолошка протетика:
- 2 претклинички сали со по 10 фантоми за стоматолошка едукација;
- едукативен центар со 10 заботехнички работни места.

Член 6

За користење на просториите што се наоѓаат во зградата на Универзитетската стоматолошка клиника во кои не се врши здравствена дејност, а кои ги користат лицата избрани во звања на Стоматолошкиот факултет во Скопје, односно лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања одлучуваат директорот на Универзитетската стоматолошка клиника и деканот на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Простории од став 1 од овој член се:
- кабинети и канцеларии;
- асистентските канцеларии;
- канцелариите и др. простории на наставниот кадар на Факултетот.

Член 7

Овој Анекс бр. 1 е составен дел од Спогодбата и започнува да важи од моментот кога ќе биде потпишан од договорните страни од кои е потпишана Спогодбата.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Ректор

Проф. д-р Велимир Стојковски

Јавна здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“

Директор

Д-р Аријан Даци

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет

Декан

Проф. д-р Александар Грчев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-182/4
27.5 2009 год.
СКОПЈЕ

Ј.З.О Клиника за максилофацијална хирургија
Бр. 02-218
29-05-2009
СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-534
27.05. 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 179, став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 35/08, 103/08 и бр. 26/09) , член 108, ставовите 4 и 5 и член 109-а од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“, бр.38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08), а во врска со член 133, став 4 од Законот за високото образование, се склучува следнава

С П О Г О Д Б А
за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците

Помеѓу:

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Стоматолошкиот факултет застапуван од ректорот проф. д-р Велимир Стојковски и претставуван од деканот проф. д-р Александар Грчев (во натамошниот текст: **Стоматолошки факултет**),

и

Јавната здравствена установа Универзитетски клиника за максилофацијална хирургија, застапувана од директорот д-р Горан Панчевски (во натамошниот текст: **Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија**).

Член 1

Стоматолошкиот факултет е високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје која врши високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност на начин на кој се обезбедува функционална целина на трите дејности.

Член 2

Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија е јавна здравствена установа која образовната и научноистражувачката дејност ја врши на начин на кој се обезбедува функционална целина на здравствената, образовната и научноистражувачката дејност и согласно со потребите на Стоматолошкиот факултет за спроведување на студиските програми.

Член 3

Со оваа Спогодба, Стоматолошкиот факултет и Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија ги уредуваат меѓусебните односи, условите и начинот во вршењето на образовната, научноистражувачката и здравствената дејност како функционална целина согласно со потребите за спроведување на студиските програми, како и за уредување на работниот однос на лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања кои се вработени во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

Член 4

Согласно со член 3 од оваа Спогодба, Стоматолошкиот факултет и Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија ги утврдуваат следниве права, обврски и одговорности:

- Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија согласна да обезбедува просторни и технички услови за реализација на теоретската и практичната настава согласно со потребите на Стоматолошкиот факултет за спроведување на студиските програми на трите циклуси на високото образование, да обезбедува услови за спроведување на програмите за образование на кадри според Законот за здравствена заштита (специјализации и супспецијализации), да обезбедува услови за реализација на научноистражувачката работа и развој на научната доктрина од заеднички интерес.

- Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија и Стоматолошкиот факултет се согласни лицата вработени на Универзитетската клиника, а избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Стоматолошкиот факултет, работниот процес да го остваруваат во двете установи согласно со закон, колективен договор и со оваа Спогодба.

Член 5

Правата и обврските од работниот однос лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Стоматолошкиот факултет ги остваруваат на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

Член 6

Високообразовната дејност согласно со студиските програми и планови и научно-истражувачката дејност се изведуваат истовремено на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

Член 7

Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија е согласна за потребите на Стоматолошкиот факултет, високообразовната (теоретска и/или практична) и научноистражувачката дејност непречено да се остваруваат во просториите и со работите на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија коишто истовремено се користат и за вршење на здравствената дејност.

Работите коишто не се користат истовремено за вршење и на здравствена дејност, туку само за потребите на високообразовната дејност, ги обезбедува Стоматолошкиот факултет и нив ги користи Стоматолошкиот факултет.

Член 8

Научноистражувачката дејност, вклучително и изработката на проектите, потписниците на оваа Спогодба ја остваруваат во согласност со прописите за високото образование, научноистражувачката и здравствената дејност.

Член 9

Лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Стоматолошкиот факултет (во натамошниот текст: лица избрани во звања), вршат и

здравствена дејност во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија во обем утврден согласно со закон, колективен договор и со договорот за вработување.

Лицата избрани во звања вршат здравствена дејност во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија истовремено вршејќи високообразовна и научноистражувачка дејност како функционална целина, во обем утврден согласно со закон и со договорот за вработување.

Член 10

Лицата избрани во звања засноваат работен однос на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, така што со работата во двете установи остваруваат полно работно време утврдено со закон.

Член 11

Видот и обемот на работата на лицата избрани во звања, по предлог на соодветната катедра, ги утврдува Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, врз основа на студиската програма и нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност.

За работата од став 1 на овој член се склучува договор за вработување помеѓу избраното лице во звање и Стоматолошкиот факултет.

Член 12

Видот и обемот на работата на лицата избрани во звања, кои вршат здравствена дејност во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, се утврдуваат со договорот за вработување склучен помеѓу избраното лице и Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

Член 13

Деканот на Стоматолошкиот факултет, најдоцна до почетокот на академската година која започнува на 15 септември, го известува директорот на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија за времето за кое лицето е избрано во звање и за распоредот на работното време за тековната академска година.

Директорот на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, по предлог на деканот и во согласност со потребата на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија за вршење на здравствената дејност, го утврдува распоредот на работното време на лицето избрано во звање од став 1 на овој член.

Член 14

Лицето избрано во звање кое врши високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност има право на плата и надоместоци сразмерно на работното време поминато на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Пресметката и исплатата на платата и придонесите за лицето од став 1 на овој член ги вршат Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија и Стоматолошкиот факултет сразмерно на времето поминато на работа.

Член 15

На лицата избрани во звања и вработени на Стоматолошкиот факултет и во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија кои во текот на учебната

година наполниле 65 години старост, работниот однос им трае до крајот на учебната година истовремено на Стоматолошкиот факултет и на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

Член 16

Потписниците на оваа Спогодба се согласни користењето на отсуства поради стручни и научни престои и усовршувања на лицата избрани во звања да се врши врз основа на одлука на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и со Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет по претходно одобрение од Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

Член 17

Лицето избрано во звање на кое му престанал работниот однос на Стоматолошкиот факултет продолжува да работи како здравствен работник со полно работно време во Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, доколку за тоа не постојат законски пречки.

Член 18

За сторена повреда на работната обврска, како и за сторена штета, лицето избрано во звање е одговорно истовремено пред деканот на Стоматолошкиот факултет и пред директорот на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, согласно со закон и со колективен договор, во зависност од работата што ја вршел во моментот на настанувањето на повредата и/или штетата.

Член 19

Работните места на лицата избрани во звања се утврдуваат со општите акти на потписниците на оваа Спогодба.

Член 20

Лицата во работен однос во Универзитетската клиника, а избрани во звања на Стоматолошкиот, ќе засноваат работен однос и со Стоматолошкиот факултет, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Спогодба.

Член 21

Потписниците се должни да го следат спроведувањето на оваа Спогодба непосредно и преку своите органи и служби.

Како постојан орган надлежен за спроведување на оваа Спогодба, потписниците формираат Координативен одбор.

Член 22

Координативниот одбор го сочинуваат: ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, односно лицето што тој ќе го овласти, деканот на Стоматолошкиот факултет, соодветен раководител на катедра, директорот и претседателот на Управниот одбор на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија.

Член 23

Координативниот одбор:

- го следи спроведувањето на Спогодбата;
- дава толкување на одредбите на Спогодбата;
- ги усогласува целите, задачите, интересите и ставовите на потписниците на Спогодбата;
- одлучува по евентуално настанатите спорови помеѓу потписниците на Спогодбата, вклучувајќи ги и споровите во врска со правата, обврските и одговорностите на лицата избрани во звања кои истовремено треба да ги остварат во двете установи.

Член 24

Прилог на оваа Спогодба се Анексот 1, односно Прегледот на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност, и Анекс 2, односно Прегледот на лицата избрани во звања кои истовремено вршат високообразовна, научноистражувачка и здравствена дејност.

Член 25

Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.

Член 26

Оваа Спогодба е сочинета во три еднакви примероци.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Ректор

Проф. д-р Велимир Стојковски

Јавна здравствена установа Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија

Директор

Д-р Горан Панчевски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет

Декан

Проф. д-р Александар Грчев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" Бр. 02-182/5 07-7 2009 год. СКОПЈЕ

Ј.З.О Клиника за максилофацијална хирургија Бр. 02/298-1 08-07-2009 СКОПЈЕ

Република Македонија УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ Бр. 02-686 7.07 2009 год. СКОПЈЕ

Согласно со член 4, точка 1 и членовите 6, 7, 18 и 24 од Спогодбата за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците (во натамошниот текст: Спогодбата), договорните страни:

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет, застапуван од ректорот проф. д-р Велимир Стојковски и претставуван од деканот проф. д-р Александар Грчев (во натамошниот текст: **Стоматолошки факултет**),
и
Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија, застапувана од директорот д-р Горан Панчевски (во натамошниот текст: **Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија**),

го склучуваат кон Спогодбата следниов

АНЕКС 1

Преглед на просторот и работите кои ќе се користат истовремено за вршење на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност

Член 1

Согласно со член 4, точка 1 од Спогодбата, Универзитетската стоматолошка клиника е согласна да обезбедува просторни и технички услови за реализација на теоретската и практичната настава согласно со потребите единствено и само на Стоматолошкиот факултет за спроведување на неговите студиски програми на трите циклуси на високото образование, да обезбедува услови за спроведување на програмите за образование на кадри според Законот за здравствена заштита (специјализации и супспецијализации), како и да обезбедува услови за реализација на научноистражувачката работа и развој на научната доктрина од заеднички интерес.

Член 2

За реализација на таа цел, согласно со член 7, став 1 од Спогодбата, Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија е согласна, за потребите на Стоматолошкиот факултет, високообразовната (теоретска и/или практична) и научноистражувачката дејност непречено да се остварува во просториите и со опремата на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија коишто истовремено се користат за вршење на здравствената дејност.

Договорните страни се согласни за просториите и опремата каде што ќе се врши, односно со кои ќе се врши високообразовна и научноистражувачка

дејност да се сите простории и сета опрема каде што се врши, односно со кои се врши здравствената дејност на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, сета опрема која Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија ја користи во вршењето на здравствената дејност, како и просториите кои во иднина би биле изградени, доградени, адаптирани и сл. за вршење на здравствена дејност.

Одредбата од претходниот став соодветно се однесува и за опремата.

Член 3

Просториите од член 2 на овој Анекс, кои истовремено се користат за вршење на здравствена, високообразовна и научноистражувачка работа, можат да бидат отуѓени, користени, пренаменети, адаптирани, издадени под закуп и сл. исклучиво со согласност на двете договорни страни.

Одредбата од претходниот став соодветно се однесува и за опремата.

Член 4

Просториите од член 2 на овој Анекс, во моментот на неговото потпишување од страна на договорните страни, се:

- една сала со 2 работни места;
- една операциона сала;
- едно одделение за преврски;
- една соба за реанимација;
- една рутинска операциона сала.

Член 5

За просториите и опремата кои се наоѓаат во зградата на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија кои не се користат истовремено за вршење на здравствената, туку само за потребите на високообразовната дејност, работите и материјалите ги обезбедува Стоматолошкиот факултет во Скопје и нив ги користат исклучиво студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Трошоците за нивното тековно одржување, адаптирање, реновирање и сл. ги сносува Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Простории од став 1 на овој член се:
- 1 амфитеатар за 120 слушатели;
- 2 предавални за по 30 слушатели.

Член 6

За користење на просториите што се наоѓаат во зградата на Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија во кои не се врши здравствена дејност, а кои ги користат лицата избрани во звања на Стоматолошкиот факултет во Скопје, односно лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања одлучуваат директорот на

Универзитетската стоматолошка клиника и деканот на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Простории од став 1 од овој член се:

- кабинети и канцеларии;
- асистентските канцеларии;
- канцелариите и др. простории на наставниот кадар на Факултетот.

Член 7

Овој Анекс бр. 1 е составен дел од Спогодбата и започнува да важи од моментот кога ќе биде потпишан од договорните страни од кои е потпишана Спогодбата.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Ректор

Проф. д-р Велимир Стојковски

Јавна здравствена установа Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија

Директор

Д-р Горан Панчевски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Стоматолошки факултет

Декан

Проф. д-р Александар Грчев

КОМПОНЕНТА 14 – ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ СО ИНФОРМАЦИИ СО ЧЛЕНОТ 4 ОД ОВОЈ ПРАВИЛНИК (прилог бр.3)

ГЕНЕРИЧКИ ПРЕДМЕТИ

Прилог бр.3	ПРЕДМЕТНА ПРОГРАМА ОД ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ				
1	**Наслов на наставниот предмет**	Методологија на научноистражувачка работа со примери и примена во медицинските науки			
2	**Код**				
3	**Студиска програма**	III циклус студии- докторски студии			
4	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	Стоматолошки факултет - Скопје			
5	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	Трет циклус студии			
6	**Академска година / семестар**	2017/18 I/II семестар	8	Број на ЕКТС кредити	4
8	**Наставник**	проф. д-р Владимир Поповски, проф. д-р Мирјана Поповска, проф. д-р Даница Поповиќ Моневска			
9	**Предуслови за запишување на предметот**	/			
10	**Цели на предметната програма (компетенции):** Да се упатат и подготват докторантите за научно истражувачка работа. Да се запознаат со основните протоколи кои се применуваат во областа на медицинските науки. Да го совладаат патот на клиничкото истражувања и публикација во списанија.				
11	**Содржина на предметната програма:** *I. Теоретска настава:* Природа на науката. Нучни методи. Нучно истражувачки протоколи. Менаџмент на клиничкиот протокол во медицинските науки. Планирање на истражувањето. Поврзаност и публикација на клиничките истражувања. *II. Практична настава:* Изработен проект според зададени хипотези.Обработка и критичка анализа на делови на труд. Изработка на апстракт.				
12	**Методи на учење:** Интерактивна настава (теоретска), работа во мали групи (вежби) и други облици предвидени со заедничките критериуми на ЕКТС				
13	**Вкупен расположив фонд на време**	120 часа			
14	**Распределба на расположивото време**	Предавања-30 часа, подготовка за предавања-20 часа, консултации-30 часа, вежби-15часа, подготовка за вежби-10 часа, оценување-15часа			
15	**Форми на наставните активности**	15.1	Предавања- теоретска настава	30 часови	
		15.2	Вежби - тимска работа	15 часови	

16	**Други форми на активности**	16.1	Проектни задачи	30 часови
		16.2	Самостојни задачи	25 часови
		16.3	Домашно учење	20 часови
17	**Начин на оценување**	17.1	Тестови	65 бодови
		17.2	Семинарска работа /проект (презентација : писмена и усна)	20 бодови
		17.3	Активност и учество	15 бодови
18	**Критериуми за оценување (бодови/ оценка)**	до 59 бода		5 (пет) (F)
		од 60 до 67 бода		6 (шест) (E)
		Од 68 до 75 бода		7 (седум) (D)
		од 76 до 84 бода		8 (осум) (C)
		од 85 до 93 бода		9 (девет) (B)
		од 94 до 100 бода		10 (десет) (A)
19	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	Редовна посета на предавања, вежби, активност на истите.		
20	**Јазик на кој се изведува наставата**	Македонски јазик		
21	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот		

22 — Литература

Задолжителна литература

22.1	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1	Giannobile WN, Lang NP, Tonetti MN.	Osteology guidelines for oral and maxillofacial regeneration:clinical research.	Quintessence	2014
	2	Зафировска К.	Основи на методологија на научната работа	Медицински факултет Скопје	2007

Дополнителна литература

22.2	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1	Бркич С, Мехич Е,Кењич В.	Упуство за израду семинарског и дипломског рада	Економски факултет, Сарајево	2006
	2	Попович З.	Како написати и објавити научно дело	Академска мисао, Београд	2011
	3	Зафировска К.	Основи на научната работа	Медицински факултет Скопје	2011

Прилог бр.3	ПРЕДМЕТНА ПРОГРАМА ОД ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ				
1	**Наслов на наставниот предмет**	Научноистражувачка етика со примена и примери во подрачјето на медицинските науки			
2	**Код**				
3	**Студиска програма**	Докторски студии по стоматологија			
4	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	Стоматолошки факултет - Скопје			
5	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	Трет циклус студии			
6	**Академска година / семестар**	I семестар		Број на ЕКТС кредити	4
8	**Наставник**	проф. д-р Јулијана Николовска, проф. д-р Никола Гиговски, проф. д-р Весна Коруноска Стевковска			
9	**Предуслови за запишување на предметот**	/			
10	**Цели на предметната програма (компетенции):** Пошироки познавања за медицинска етика, етика во клиничката пракса и етика во научно истражувачка работа				
11	**Содржина на предметната програма:** *Теоретска настава - методски единици* Етички принципи. Професионална етика. Вовед во научноистражувачка етика. Историјат на злоупотреба на луѓе. Етички принципи во изведување на клинички студии. Професионална одговорност и професионални стандарди. Плацебо контролирани студии. Регулатива за етички принципи во клиничките испитувања. Матични клетки и нивна примена – етички пристап. Потенцијални ризици од биомедицинските истражувања и етички конфликти кои произлегуваат од нив. Етички дилеми кај генетичките биомедицински истражувања и при клонирање. Етички проблеми во научноистражување кај заболени со стекнат имунодефицитен синдром (СИДА). Примена на медицинската етика кај заболени од орален канцер. *Семинари* *Дискусија на зададени теми*				
12	**Методи на учење:** Интерактивна настава (теоретска), работа во мали групи (семинари), и други облици предвидени со заедничките критериуми на ЕКТС				
13	**Вкупен расположив фонд на време**	120 часа			
14	**Распределба на расположивото време**	Предавања – теоретска настава 15 часа, проектни задачи 10 часа, самостојни задачи 10 часа, домашно учење 10 часа, консултации 45 часа, семинарска работа 30 часа,			
15	**Форми на наставните активности**	15.1	Предавања- теоретска настава	15 часови	
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	30 часови	

16	**Други форми на активности**	16.1	Проектни задачи	10 часови
		16.2	Самостојни задачи	10 часови
		16.3	Домашно учење	часови
17	**Начин на оценување**	17.1	Тестови	бодови
		17.2	Семинарска работа /проект (презентација: писмена и усна)	бодови
		17.3	Активност и учество	бодови
18	**Критериуми за оценување (бодови/ оценка)**	до 59 бода		5 (пет) (F)
		од 60 до 67 бода		6 (шест) (E)
		Од 68 до 75 бода		7 (седум) (D)
		од 76 до 84 бода		8 (осум) (C)
		од 85 до 93 бода		9 (девет) (B)
		од 94 до 100 бода		10 (десет) (A)
19	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	Посета на теоретска настава и изработка на семинарски труд на зададена тема		
20	**Јазик на кој се изведува наставата**	Македонски и англиски јазик		
21	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот		

22 — Литература

Задолжителна литература

22.1	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1	Јулијана Николовска	Етички аспекти во стоматологијата		
	2	Нада Поп-Јорданова	Медицинска етика	Култура	2009

Дополнителна литература

22.2	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1	/	/	/	/
	2	/	/	/	/
	3	/	/	/	/

1. ОПИС НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПРЕДМЕТИ

МОДУЛ А — СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА

Предмет бр. 1.

Прилог бр.3	ПРЕДМЕТНА ПРОГРАМА ОД ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ				
1	**Наслов на наставниот предмет**	СОВРЕМЕНИ ДИЈАГНОСТЧКИ И ТЕРАПЕВТСКИ ПРОЦЕДУРИ КАЈ ПАРЦИЈАЛНА И ТОТАЛНА БЕЗАБОСТ			
2	**Код**	ДСА 1104			
3	**Студиска програма**	Докторски студии по стоматологија			
4	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	Стоматолошки факултет - Скопје			
5	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	Трет циклус студии			
6	**Академска година / семестар**	2017/18 I/II семестар	8	Број на ЕКТС кредити	10
8	**Наставник**	проф. д-р Љубен Гугувчевски, проф. д-р Евдокија Јанкуловска, проф. д-р Јадранка Бундевска			
9	**Предуслови за запишување на предметот**	/			
10	**Цели на предметната програма (компетенции):** пошироки познавања од областа за протетска рехабилитација на случи со тотална и парцијална безабост. Искористување на стекнатите знаења за имплементација во секојдневната рутинска пракса и научноистражувачка работа.				
11	**Содржина на предметната програма:** *Методски единици:* Биолошки и биомеханички концепти кај парцијалните протези. Анализа и дијагностика на промените на ткивата на стоматогнатниот систем кај парцијална беззабност. Потпора на парцијалните протези. Оклузални и други видови на орални сили и нивното дејствување на потпорните ткива на парцијалната протеза. Биомедицински приод при класификациите на парцијалните беззабности и парцијалните протези. Цели на протетичката терапија со парцијалните протези. Карактеристики и примена на паралелометрите, паралелометриска анализа кај парцијалното протезирање. Основи и специфични принципи при планирањето на парцијалните протези. Припрема на оралните ткива за парцијално протезирање. Клинички и лабораториски процедури кај основните форми на скелетирана протеза. Обезбедување на ретенцијата на скелетираната парцијална протеза. Биостатички концепти кај скелетираната парцијална протеза. Одржување на трајноста на терапевтскиот ефект постигнат со фиксните конструкции. Видови, карактеристики, форми и процедури при парцијалното протезирањеење со атечмени. Телескопски парцијални протези. Психолошко-естетско значење на фикснопротетските конструкции. Сњинг-лоцк и раздвоени парцијални протези Оптеретеност на потпорниот апарат на забите со фиксни надоместоци. Комплексни парцијални протези. Современи концепти на отпечатувањето кај парцијалните протези. Приод во реконструкцијата на меѓувиличните релации кај парцијалните протези.Лабораториски процедури кај скелетираните и комплексните парцијални протези. Планирање и третман на поедини аномалии (длабок загриз, компресиони аномалии, отворен загриз, кај парцијалните беззабности. Протези како протетички супраструктури кај импланти , парцијална и тотална беззабност. Психолошко-естетско значење на фикснопротетските конструкции Одржување на трајноста на терапевтскиот ефект постигнат со парцијалните протези конструкции.				

	Теоретска настава од областа на тотална протеза Дијагностицирање на општоздравствените проблеми во врска со тоталното протезирање. Промени што настануваат по целосното губење на природните заби. Функционални отпечатоци за тотални протези. Значење на ретенцијата и стабилизацијата кај тоталните протези. Меѓувилични соодноси кај тоталната беззабност. Поимот оклузија кај тоталните протези. Предавање на тоталните протези на нивниот корисник и решавање на проблемите што се во врска со тоталните протези. Имедијатна тотална протеза. Тотална протеза наспроти природни заби и парцијална протеза. Одржување на мукозната потпора на тоталните протези *Практичен дел од областа на парцијална протеза* Анализа и дијагностика на промените на ткивата на стоматогнатниот систем кај парцијална беззабност. Примена на паралелометрите, паралелометриска анализа кај парцијалното протезирање. Клинички и лабораториски процедури кај основните форми на скелетирана протеза. Комплексни парцијални протези. Практичен дел од областа на тоталното протезирање. Преглед, анамнеза, анатомски отпечаток. Функционален отпечаток од долна и горна вилица. Одредување на вертикалниот и хоризонталниот меѓувиличен сооднос. Избор на вештачки заби и проба на тоталните протези во восок. Предавање на тоталните протези и упатства за нивно користење *Консултации и семинари во врска со методските единици* *Семинари* *Дискусија на зададени теми*			
12	**Методи на учење:** Интерактивна настава (теоретска), работа во мали групи (вежби), и други облици предвидени со заедничките критериуми на ЕКТС			
13	**Вкупен расположив фонд на време**	300 часа		
